**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 февруари 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Соња Лепиткова, Иван Анастасовски, Нeждет Мустафа, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Али Ахмети, Мендух Тачи, Хусеинџеват Хусеини, Славица Станковска, Ганка Самоиловска Цветанова, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Михајло Георгиевски, Андреј Жерновски и Трипун Костовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 11 - Предлог на закон за општа управна постапка**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од Амандманот Џ на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 1 став 1, член 20 и член 35 став 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 227 став 4, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 2; член 3 став 2; член 5 став 2; член 28 ставови 1, 2 и 3; член 85 став 3; на насловот на потточката 2.3.; член 91 ставови 1 и 2; член 93 ставови 1 и 2; член 95 став 1; член 107 став 1; член 115; член 140 став 3; член 157 став 2 на втората реченица; член 169 став 1 на четвртата реченица; член 174 ставови 2, 4 и 5; член 192 став 4; член 205 став 2; член 213 став 5; член 237 за додавање нов став 2; член 248; за менување на насловот на Глава ЏВ и за заменување на зборовите “обвнови” со зборот “повтори”, “обнова” со зборот “повторување”, “обновата” со зборот “повторувањето”, “обноват” со зборот “повторат” и “обновената” со зборот “повторената” на целиот текст на Предлогот на законот; член 287 и на член 295 ставови 1 и 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 55 став 1, со кој претставникот на Владата не се согласил.

Пратеникот Џевдет Насуфи поднесе амандмани на член 19 став 2; за додавање нов член 78-а по членот 78 и за додавање нов член 152-а по членот 152, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на Член 19 став 2, поднесен од пратеникот Џевдет Насуфи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда, господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа:

Љупчо Јордановски: Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Жалам многу што со овој состав на Парламентот, пред албанските предлагачи на Законот за управна постапка, било управна или кривична, во суштина, албанскиот јазик не го сметаат како службен јазик и во спротивно со амандманот В од Уставот на Република Македониија, постапуваат на начин, албанскиот јазик да се девалвира. На тој начин, во суштина, доколку Албанецот е објект на овој спор, тој евентуално, или со превод, преведувач, ќе ја следи управната постапка, или во спротивно ќе го искористи немајчиниот јазик.

Јас во овој случај ќе ви укажам и на пратениците од овој состав на Парламентот, но истовремено и на албанските пратеници дека со ова решение на членот 19 кој сум го предложил е во целост во согласност со Амандманот В од Уставот. Затоа, ве молам да го донесете, да го усвоите со цел да не ни се случи ова што ни се случува. И вчера слушнавте дека Парламентарното собрание на Европа на еден начин ни укажува дека македонско-албанските односи одат кон една напната состојба, која може да има и изворот да биде во едни вакви законски решенија кои не се во согласност со Амандманот В од Уставот на Република Македонија. Затоа уште еднаш инсистирам амандманот да се донесе, бидејќи Уставот не го оспорува, напротив, го имплементира Уставот. Додека вака како што е во суштина законот го иззема имплементирањето на Уставот, нешто што правно не е практика никаде во светот. Ова се случува само овде кај нас.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници да пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците кои што се надвор од салата, да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 42 пратеника, 6 гласале за амандманот, 3 воздржани, 33 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по андманот на член 55 став 1, поднесен од Законодавно-Правната комисија.

Со овој амандман не се согласил претставникот на Владата на седницата на комисијата на Законодавно-правната комисија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Амандманот на член 55 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го поништувам гласањето и ве молам повторно да гласаме.

Претставникот на Владата не се согласи, па затоа нема потреба да го прашуваме.

Гласале 32 пратеника, 2 гласале за, 2 воздржани, 28 против.

Во салата се присутни 62 пратеника

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 78-а по членот 78.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда, господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

Љупчо Јордановски: Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Џевдет Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседател.

Повеќе станува непопуларна практика, за жал, многу негативна кога еден претставник на една албанска партија во овој случај, не прифаќа еден амандман на албанецот, казната, заклучокот, одлуката, или записникот од административен орган да не може да го прими на албански јазик.

Јас мислам дека ова е правна безмислица, меѓутоа и политички нонсенс, затоа што неусвојувањето на овој амандман кој всушност, е толку мал и со него се прави толку мала измена што од друга страна ќе имаше многу позитивен ефект врз политичката клима.

Затоа, уште еднаш би препорачал на пратениците да имаат разбирање и да покажат почитување кон албанскиот јазик, кој е службен јазик во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодам, една мала корекција господине Насуфи, заменик министерот не е претставник на албанска партија, тој е овде во својство на претставник на Влада.

Дали некој друг бара збро? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 41 пратеник, 4 гласале за, 1 воздржан, 36 против.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 152-а по членот 152, поднесен од пратеникот Џевдет Насуфи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда, господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

Љупчо Јордановски: Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Насуфи, имате збор.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседателе.

Битно е дека заменикот министер ја брани Владата, но првенствено, треба да ги брани и интересите на Албанците. Мислам дека и овој амандман е во контекст на тоа што го нагласив досега, затоа и жалам што сега излезе дека и еден дел од моите колеги, кои претходно гласаа за амандманот, сега го одбиваат и мислам дека според сите шанси, изгледи ние не разбираме дека на овој начин не сме во состојба да го спроведеме духот на Охридскиот рамковен договор, кои заеднички го донесовме и заедничко го потпишавме и сега со ваквите одбивања вршиме еден атак, еден напрад на нашиот заеднички живот, на нашиот заеднички развој. Затоа, уште еднаш имајте доблест и амандмнот усвојте го.

Благодарам господине претседател.

**Љупчо Јордановски:** Мислам дека згрешивте во терминологијата. Ова е Влада на Република Македонија.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеника, 6 гласале за, 3 воздржани, 40 против.

Во салата се присутни 66 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 227 став 4, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Го молам претставникот на Владата  да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда, господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

Љупчо Јордановски: Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на претдлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот заменик министер за правда, господинот Субхи Јакупи, а потоа нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

**Субхи Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Повод за моето денешно обраќање пред Собранието на Република Македонија е потребата од образложение на причините за донесување на закон за општа управна постапка во Република Македонија.

Како што е познато Законот за општа управна постапка кој што се применува во Република Македонија е сојузен закон, донесен од Собранието на поранешна СФРЈ, кој со Уставот на Република македонија е донесен како републички пропис што треба да биде усогласен во рок од една година од прогласување на Уставот.

Меѓутоа, усогласување сеуште не е извршено и покрај тоа што изминаа повеќе од 14 години од прогласување на Уставот на Република Македонија.

Денес можам да констатирам дека се поставува прашање за неговата понатамошна примена, бидејќи пред Уставниот суд на Република Македонија се поведени постапки за оценување на уставноста на голем број одредби од постариот закон за Општа управна постапка.

Министерството за правда смета дека аргументите за неодржливоста и продолжување на ваква состојба се многу силни и затоа потребата од донесување на закон за општа управна постапка го сметам за императив во наредниот период.

Со Предлог законот за општа управна постапка, се врши усогласување на важечки закон за општа управна постапка со Уставот на Република Македонија од 1991 година, со амандманите на Уставот и со Европското законодавство, што претставува трајна определба на Република Македонија.

Во Предлог законот за општа управна постапка е утврдено дека според одредбите од овој закон се должни да постапуваат министерствата, органи од држав ната управа, организации утврдени со закон и други државни органи, претпријатија и други правни лица на кој со закон им е доверено вршење на јавно овластување, Градот Скопје и општините во град Скопје, и општините, кога во управни работи, непосредно применувајќи ги прописите се решава за правата, обврските и за правните интереси на странките во управна постапка.

Со Законот за општа управна постапка е регулирано дека при решавањето на управни работи, сите органи на државна управа се должни да ја утврдат фактичката состојба на работите. За таа цел, да ги обезбеди актите што се од важност за донесување на законот и правилно решение.

Во Предлог законот за општа управна постапка, се утврдени две основни цели: строга законитост и заштита на правата и правните интереси на странките во управна постапка.

**Субхи Јакупи: (продолжение)**

Генералната цел со Предлог законот за општа упоравна постапка е да се утврди материјалната вистина и да се заштитат правата и правните интереси на странката, но и општиот јавен интерес утврден со закон.

Со Предлог законот за општоуправна постапка се обезбедува целосно правен заштитен механизам за граѓаните и другите странки во управната постапката за чии права и обврски решаваат органите на државната управа и други овластени органи, организации, институции и  нивната дејност во овој чувствителен домен ја подведува под начелото за владеење на правото. Во Предлог законот за општоуправна постапка се предвидуваат пет нови основни начела, според кои органите кога решаваат во управни работи се должни да постапуваат се со цел на граѓаните да им се овозможи на брз и ефикасен начин да ги остварат своите права и интереси. Тоа се начела за управни работи, за еднаквост, непристрасност и објективност, за целосна ориентација на органите за одговорност и итност и за конечно решавање во Управна постапка.

Со Предлог законот што се предлага да биде донесен се предвидува дека органите на државната управа се сервис каде граѓаните како странки во управна постапка можат да ги остваруваат своите со закон загарантирани права.

Исто така, со овој закон се уредува нов начин на доставување на актите, донесени од органите на државната управа за странките, кој целосно е усогласен со европските стандарди и доставувањето се прави со предавање од страна на органот по пошта и со јавна објава. Еднаш воспоставена уредно достава ги обврзува странките самите во натамошниот тек на постапката да се грижат за непречен и ефикасен тек на управната постапка. Доколку до странките уредно е воспоставена достава, поканата или известеност за одредени дејствија на органот, донесено решение, заклучок и друго, а не се појави пред органите или не ги достави бараните

списи, органот нема натамошна обврска да комуницира со странката ниту пак одговара за негативните последици кои можат да настанат за странката. Доставувањето по правило се врши во работен ден во период од 6,00 до 21,00 часот, а во исклучителни случаи може да се изврши достава и во неработни денови, државни и други празници и по 21,00 часот, ако тоа е неодложно потребно. Органот на државната управа е должен во период од 15 дена да направи два обида за уредно доставување со предавање на странките. Доколку овој начин на достава не биде успешен, доставувањето се врши по пошта, односно со јавна објава. Ако доставувањето не биде извршено на претходните два начина, непосредно со предавање од страна на органот на лицето на кое му е наменето писмено или по пошта, доставувањето се врши со јавна објава. Органот врши објава преку дневниот печат што се дистрибуира на територијата на Република Македонија во текот на два последователни дена, исто така, органот на свој трошок ќе изврши и еднократна објава во "Службен весник на Република Македонија" односно во службено гласило на општината и Град Скопје, по извршените претходни објави се смета дека странката е уредно известена.

Предлогот за донесување на закон за општоуправната постапка во февруари 2004 година беше доставен до Советот на Европа за добивање коментари, мислења и забелешкиа во врска со одредбите од законот. По добиените коментари и мислења по законите и на барање од експертите од Европа беше одржано работна средба на 15 април 2004 година во Скопје со работна група за изготвување на законот. Целта на средбата беше заеднички да бидат разгледани коментарите и мислењата од аспект на усогласеноста на законот со законодавствата на државите на Европа. Овие укажувања станаа составен дел на Предлог законот. Предлог законот за општоуправна постапка е усогласен со Европската конвенција за човекови права, Препорака број Б - 2001- 9 за алтернативно решавање на управните спорови меѓу управните органи и приватните лица, Препораката од 2003 број 16 за извршување на управни и судски решенија, Резолуција 7731 за заштита на поединец во односите на акти на управните органи, Препораката 8415 на Комитетот на министри на земји членки во однос на јавна одговорност, Препораката број 5091 на Комитетот на министрите на земји членки за управни санкции и други акти. Во Предлог законот за општоуправна постапка се внесени мислењата и забелешките од органите на државната управа, другите државни органи, управни организации, правни и други лица кои доставиле мислење по Предлогот за донесување на закон. Исто така, во Предлог законот се внесени и забелешките, мислењата и предлозите по Нацрт законот за општоуправна постапка, содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, доставени со заклучок број 07-3630/10 од 30.09.2004 година, како и мислењето на Секретаријатот за законодавство и Владата на Република Македонија и мислењето на Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства.

Предлог законот во ноемв ри 2004 година беше доставен до Владата на Република Македонија и во јануари 2005 година беше разгледан од Правниот совет на Владата на Република Македонија и од Кабинетот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, одредени мислења и забелешки по текстот на законот, работна група за подготвување на закони и ги вгради во текстот на Предлог законот.

Од овие причини, почитувани пратеници предлагам Собранието на Република Македонија да го усвои текстот на Предлог законот за општоуправна постапка, доставен да расправа на оваа седница на Собранието.

Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, г-дине Јакупи.

Повелете г-дине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, претставници на Владата, денес го разгледуваме Предлог законот за општоупоравна постапка и ова е расправа по текстот на законот, па не би сакал да се впуштам во расправа на тоа дали имаме потреба или не, затоа што тоа еднаш веќе го утврдивме. После толку години чекање, редно беше да се донесе овој закон. Повеќе би зборувал во однос на она што ни се нуди во текстот. Имав некои свои забелешки на Комисијата, односно Законодавно-правната комисија, нешто беше прифатено,нешто не. Мене ме чуди само еден факт што на Законодавно-правната комисија имаше предложени амандмани што беа прифатени од Комисијата и како такви понудени денес на Собранието, па ме чуди тоа што ако на Комисијата имаше апсолутно мнозинство кога се изјаснуваше во однос на одредени амандмани, денес гледам дека ставот се сменил и кај пратениците и тие амандмани не ги подржува парламентарното мнозинство, односно пратениците, што во секој случај е лоша пракса, особено кога амандмани доаѓаат од Законодавно-правната комисија, затоа што во најголем број случаи таа Комисија амандманите ги поднесува од аспект на правната содржина, подобрување на текстот итн. што во најмал случај односно скоро во воопшто случаи нема политика туку чисто право.

Претседателе, моја вина е што не следев кога го прочитавте амандманот, инаку имав намера да продискутирам во однос на амандманот кој беше предложен од Законодавно-правната комисија, а се однесуваше на членот 55 и сметав дека тој амандман нема да биде проблем да биде прифатен и од Парламентот, затоа што сепак доаѓа од Комисијата, меѓутоа, за чудо не помина и

сега би сакал да кажам што е суштината заради која требаше да биде прифатен амандманот.

Со амандманот на Законодавно-правната комисија се предлагаше во ставот 1 на член 55, каде што се зборува кој може да биде полномошник, да се додаде после зборот “може да биде адвокат како и секое лице кое наполно деловно е способно” итн. Образложението и пред Комисијата и сега ќе го кажам е тоа што овде не значи дека само адвокатите го имаат апсолутното право, значи кога се зборува и секое деловно способно лице значи дека секој може да биде застапник и полномошник, меѓутоа, барем во управната постапка имавме и се уште имаме пракса буквално секој да може да се занимава со застапување, а тоа на некој начин да биде надриписарство, имајќи ја предвид улогата на адвокатурата која што и е дадена со член 52 од Уставот н Република Македонија во која се кажува дека адвокатурата е јавна служба, професија, која според Уставот е единствена која може да даде правна помош, сметав, а и на Комисијата сметавме дека потребно е да се даде тоа место во овој член и од Уставен аспект и од она што значи адвокатурата како единствена служба која може да дава правна помош во Република Македонија, не сметајќи на секое деловно способно правно односно физичко лице да може да биде полномошник или застапник. Значи волјата е на странката дали ќе земе адвокат или не, но сепак требаше да се најде место во овој член за да го заштитиме, односно примениме Уставот. Тоа беше и во контекст на членот 57 од овој закон, особено ставот 2 каде што зборува дека адвокатот не поднесува заверено полномошно, со што јасно се диференцира позицијата на адвокатурата.

Искрено очекував дека претседателката на Законодавно-правната комисија, барем како претседател на таа Комисија требаше да се јави во смисла на тоа да ги заштити амандманите кои доаѓаат од оваа Комисија, за да не се случува пракса каква што имаме кога доаѓаат амандмани, заради некаква незнам како да се изразам, да не се прифаќаат амандмани од Законодавно-правната комисија. Сепак, претседателката требаше во тој правец да си ја заштити Комисијата. Тоа е кога станува збор за членот 55.

Имав забелешки кои ги кажав и на самата Комисија, на членот 19, кај употребата на јазиците и писмата. Не би сакал сега да го трошам времето и да кажувам кој беше мојот предлог, затоа што во Извештајот на Законодавно-правната комисија е поголем дел од објаснувањето, образложението и Извештајот, таму токму тоа е образложено што сум предложил, како било изгласано, односно не прифатено итн . Мислам дека сите пратеници тоа го имаат прочитано и не би одземал време, иако мислам дека тоа што го предложив таму и сега не менува во суштина ништо, освен што ја конкретизира и допрецизира самата позиција на употреба на јазикот во согласност со Уставните амандмани.

Во однос на другите забелешки по текстот морам да кажам дека на самата Комисија - и токму е таа улога на Законодавно-правната комисија -имаше амандмани кои во голем дел го исчистија текстот на законот, особено онаму каде што некој ќе ги каже од техничка природа се, меѓутоа, не се од техничка природа затоа што многу амандмани се од суштинска природа, таму каде што се користат термини кои се неадекватни, како што беше “обнова” наместо “повторување”, можеби некој сваќа дека зборот се сменил, меѓутоа, во суштина не е само збор туку менува многу работи. Потоа во делот дали Собранието може како орган да биде учесник во управна постапка тоа исто така беше на Законодавно-правната комисија, дури и на Комисијата за политички систем, каде беше укажано дека Собранието не може да биде учесник во постапките. Да не должам, имаше доста амандмани кои укажуваат дека улогата на комисиите не е за потценување и затоа треба да ги штитиме барем оние амандмани кои доаѓаат од комисиите, а и претставниците на Владата треба сепак да имаат респект повеќе кон самите комисии, особено, пак ќе кажам, кон Законодавно-правната комисија.

Би сакал да кажам уште некои забелешки во членот 262, каде што се зборува за барање на заштита на законитоста, тука размислував дали треба да поднесам односно дали да поднесам амандман да се брише членот 262, затоа што ако се определивме во правниот систем, особено во Законот за процесна постапка, овој вонреден правен лек да биде елиминиран во процесната постапка како една од можностите за одолговлекување на постапките, што беше многу добро објаснето во образложението на Законот за порцесна постапка, за кое овде дискутиравме и оценивме дека е добро решение, самите постапкиа да завршуваат што побрзо и да не се дава можност со барањето на заштита на законитоста самите постапки да се влечат, имајќи ја предвид улогата на јавниот обвинител кој е поносител на ваквиот правен лек и имајќи предвид дека во тоа образложение во тој закон стоеше дека нашиот правен систем треба да биде усогласен со оној на Европската унија, односно европската заедница, а еве и со прашалниците што ни беа понудени се определивме дека ќе ги следиме тие закони, а како некој рецидив од претходниот систем, ваков правен лек постоеше и постои сеуште уште кај нас, затоа сметам дека ако веќе се определивме во Законот за процесна постапка да го избришеме постоењето на вонреден правен лек како барање за заштита на законитост од причини кои ги кажав, требаше таа положба да ја следиме и во управната постапка, затоа што кога зборуваме дека правниот систем треба да биде ефикасен, односно постапките да завршуваат што побрзо, да бидат постапките што поекономични, тогаш не зборуваме само за судската власт, туку тоа правило треба да се следи и во управната постапка, затоа што од неа може да произлезе и управен спор.

Не интервенирав со амандман, сметајќи дека некој ќе го забележи тоа или можеби Владата на оваа седница, имајќи предвид дека таа е предлагач на Законот за процесна постапка, дека и ова право овде ќе биде избришано.

Тоа е што се однесува во однос на забелешките по текстот на законот, некои кои можев да ги издвојам. Инаку, во основа би сакал да кажам дека сепак ни се предлага еден добар текст, мора да признаеме и дали овој текст односно овој закон ќе го положи испитот на времето ќе покаже самото време, меѓуота, во секој случај е добро за да имаме предвид дека до денес, значи со денот на усвојувањето на овој закон ние се служевме со Законот за општоуправна постапка преземен од СФРЈ и тоа беше можеби единствената област која воопшто не ја регулиравме со некој посебен закон, како што требаше одавна тоа да го направиме. Во секој случај, ваквиот текст или ваквиот закон со сите забелешки кои ги кажавме и со се она што го утврдивме во нашите амандмани кои како пратеници ги имавме, сепак, на мислење сум дека ваков каков што се нуди треба да го прифатиме од една проста причина што подобро е да имаме наш текст, наш закон одколку да применуваме некој недефиниран како до сега, за да не ни создава проблеми какви што ни создаваше, а со тек на време, сето ова што го издвојуваме можеби како забелешка ќе бидеме потврдени дека сме во право кога велиме дека некои работи не треба да стојат во законот или треба да стојат поинаку, а можеби пак времето ќе не демантира. Во секој случај сметам дека овој закон ќе го положи тестот на времето и дека со него правниот систем во Република Македонија ќе биде дополнет, особено во делот на општоуправната постапка каде се очекуваат поконкретни резултати. Мислам дека со една ваква регулатива, каде што за разлика од она што го користевме сега имаме попрецизни решенија, барем што се однесува до јавната администрација, би требало да се насочи во правец на поефикасно и подобро работење во интерес на граѓаните.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Се извинува,г-ѓо Иванова имате реплика или барате збор? (пратеничката Цветанка бара збор). Тогаш ќе причекате.

Повелете господине Џевдет Насуфи, имате збор, а потоа е пратеникот Цветанка Иванов.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседател.

Дами и г-да пратеници, вистина е дека ние денес разгледуваме еден од системските закони кој недостасуваше во Република Македонија. Имам едно лично искуство некаде во 2000-та година кога како министер за правда бев во Тајпеј - Тајван, во Уставниот суд поставија едно интересно прашање, кое гласи: Дали е сеуште во сила Законот за управна постапка на поранешна СФРЈ и кога им одговорив, за жал, да, е во сила, направија една шега и со мене и со нашата делегација, бидејќи тој закон имаше околу 700-800 членови и до денес условно речено сме работеле по овој закон.

**Џевдет Насуфи: (**Продолжение)

Некои заложби на бившата Влада за жал беа науспешни за да изготвиме еден функционален текст на управната постапка поради низа причини, но вистина е дека имавме една соработка со германски и шпански стручњаци преку кои настојувавме да изготвиме еден единствен закон, функционален за условите на Македонија. Како иницијатива и како текст овој закон треба да се поддржи бидејќи предизвикува еден дел на правниот систем, но за жал треба да нагласам дека се потвотуваат некои грешки кои ги имаше и законот на бивша Југославија, кој го карактеризираше преголемиот нормативизам, кој го карактеризираат правните норми необврзувачки, дуализми и алтернативите кои специјалните закони или другите закони не ги толерираат.

Сигурно дека јас не би вршел широка елаборација бидејќи имам поднесено и амандмани, но бидејќи имаме една неунификација на термините помеѓу член 1 и 2, попатно е тоа што Собранието се знае дека не е државен орган и се иззема од ова, но од друга страна управните органи не се само државната администрација. Во членот 2 имаме “јавна администрација”, а во членот 1 имаме “државни органи или држана администрација”. Затоа за жал и правно, но и терминолошки ние не сме направиле една диференцијација децидна на тоа што е државна администрација со овој закон и што е јавна управа. Кога ќе преjдеме во членот 16 на пример има еден контраст според мое размислување каде се вели “решение поради кое не може да се поведе управен спор, а со кое странката ќе се определи за обврските на правосилното решение”, а во ставот 3 имаме едно решение за кое мислам дека не соодвествува со ставовите 1 и 2 бидејќи се вели “правосилно реешение во управна постапка може да се користи, укине или измени само во случаите утврдени со закон”. Со овој закон мислам дека според сите шанси не се предвидени овие работи и мислам дека овие алтернативи би требало да се отстранат, да се изземат.

Во однос на членот 19, нема дда го повторувам тоа што го кажав од една единствена причина, да не размислуваат ниту членовите на Парламентот, ниту граѓаните дека правам политика со ова ниту популизам.

Ве молам амандманот 5 е многу јасен, со Устав се утврдува дека албанскиот јазик е службен јазик. Во членот 19 вие само македонскиот јазик го прифќате и го цитирате дека е службен јазик и ништо повеќе. Дури формулацијата е толку конфузна, во ставот 2 велите дека јазикот кој го користат 20% ќе се користи во согласност со овој закон Кој е овој закон? Дали може овој закон да го

изземе амандманот 5 од Уставот? Која е таа правна логика ве молам?

Амандманот 5 вели дека албанскиот јазик е службен јазик. Неможе да се каже дека албанскиот јазик ќе се употребува во согласност со овој закон.

Во кој член го имаме "во согласност со овој закон". Затоа ова е една голема дилема и секако треба да се реши. Доколку не се реши на оваа седница треба да се реши на други наредни седници. Владата ја има можноста и во овој случај и во овој момент да го подобри овој пропуст.

Ќе го коментирам членот 265 со една единствена цел, да дадам еден скромен придонес. Се вели дека повторно самиот закон аплицира дилеми, аплицира можности кои може каде што вели дека може во согласност со странката да се брише или да се укине правосилното решение. Ве молам не е практика на ваков закон за укинување и менување на правосилно решение во согласност, или по барање на странката. Јас мислам дека во правната пракса никаде во светот нема да најдете вакви слични членови. Странката не може, на странката не може да и се прави притисок. Странката може да се задолжи. На странката може да и се случи нешто исклучително, вонредно, но странката не може претходно да дозволи исклучителни состојби и да ги укине правосилните решенија кој органите ги носат. Во овој случај и со овој член вака се постапува.

И со следниот член 266 повторно се создава една правна несигурност. Кога е во прашање вонредното укинување на правосилно решение, правосилни одлуки. Доколку го прочитате со внимание членот 266 ќе увидите дека има доста моменти врз основа на кои со арбитреризам, со самоволие на некој орган, иако овде не е утврдена, во самиот закон не е утврдено во кои случаи може да се укине правосилното решение. Принуден сум да го прочитам, за да го разбереме сите заедно. "Решение може да се укине само ако тоа е потребно со цел за отстранување на тешка и непосредна опасност по животот и тн." Но, кој ќе ги процени дека имаме вакви состојби. Тогаш законодавецот, или Собранието треба да утврди кој е тој орган, кои се тие случаи и по ова може да се укине правосилното решение.

Инаку, се создава правна несигурност. Правната несигурност во една држава носи кон анархија. Тоа не смееме да го дозволиме. Уште еднаш ќе се вратам на членот 152 или условно да кажам амандман кој што го предложив, ќе се навратам на тоа со цел уште еднаш да укажам дека странката албанец во постапката било по правната, било одлуката, било целото водење на постапката, вербалната постапка ќе треба да и се овозможи тоа да го прави на албански јазик. Со овој закон тоа не е обезбедено. Затоа ве молам Владата добро да размисли за овие мои забелешки. Во спротивно сакам уште еднаш да го повторам мојот став дека на Македонија и е потребен овој закон како еден закон и ова е единствен целосен закон во оваа област, затоа што ние го усвоивме Законот за кривична постапка каде што за жал албанскиот јазик беше оставен на маргините, исто така и во Законот за парнична постапка албанскиот јазик беше оставен на страна, истото се случува и со овој закон. Го усвоивме и Законот за облигациони права, го усвоивме Законот за предмети, за добра и на овој начин ја прифаќам идејата за овој закон за да се комплетира оваа област, меѓутоа моите забелешки треба да се имаат предвид со цел да се елиминираат пропустите.

Благодарам господине претседател.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Насуфи.

За коментар, реплика се јави замeникот министер.

**Субхи Јакупи:** Колку што успеав да го разберам пратеникот тој рече дека претходниот закон за управна постапка имал 700-800 члена, незнам колку кажа, но тоа не е вистина бидејќи има 301 член, а овој предлог на закон има 302 члена.

Друго, тоа што има забелешка во употребата на јазиците, писмата, според член 19 истиот е инкорпориран од Законот за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка, што овој член претрпел измени со новите уставни амандмани, објавен 27 јуни 2002 година. Истиот текст е инкорпориран и овде. Тогаш незнам што беше пратеникот дали беше пратеник, но знам дека во власт беше неговата партија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Насуфи, имате три минути.

**Џевдет Насуфи:** Јас не мислам дека овој закон личи на законот од поранешна Југославија, но доколку овој закон има 300 члена, би можел да има и 200 и да биде поконцизен, многу појасен и многу попрагматичен. Тоа беше целта на мојата забелешка.

Што се однесува до албанскиот јазик јас на господинот заменик министер би го потсетил на изреката која вели "доколку питата биде изедена тепсијата останува". Еве ние го имаме законот пред себе и знаеме што содржи во однос на албанскиот јазик и затоа забелешките кои што јас ги истакнав остануваат и тие кога тогаш ние ќе треба да ги отстраниме, затоа што имаме обврска од Рамковниот договор и имаме уставна обврска да го направиме тоа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Цветанка Иванова, а потоа нека се подготви пратеникот Марија Којзеклиска.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, господине заменик министер, колеги пратеници.

На денешната седница имаме еден системски закон, кој е доста важен закон по местото и улогата што го има во нашиот правен поредок. Се гледа и од утврденото мнозинство со кое се донесува овој закон. Навистина овој закон би

требало да предизвика дискусии, меѓутоа, предизвикуваше и досега дискусии, но јас сметам дека овие дискусии не треба во оваа фаза, затоа што во фазата на дискусии во која што се наоѓаме, по текстот на законот ние пратениците во функција на ефикасна работа на Собранието би требало да дискутираме односно нашите дискусии да одат во правец на оние амандмани кои што сме ги поднеле, а не се прифатени од страна на предлагачот, затоа што поинаку и да дискутираме ние немаме можност нешто да смениме сега, затоа што согласно Деловникот веќе сите рокови се истечени за поднесување на амандмани од страна на нас пратениците, со кои што би го подобриле текстот на законот. За волја на вистината ние навистина имаме ретка можност да се донесува закон во три фази. Овој закон се донесуваше во три фази, имавме можност во сите три фази сите ние пратениците и собраниските тела, како и експертите од оваа област да си ги искажат своите мислења, предлози и забелешки и сите овие мислења, предлози и забелешки се вградени во текстот на Законот, за што на предлагачот му изразуваме особена благодарност.

Сметам дека сите дискусии надвор од овие рамки значи популизам и губење на време од страна на пратениците и неефикасност на работата на Парламентот. Би требало сите дискусии во оваа фаза да бидат во однос на неприфатените амандмани. Сега мојата дискусија...

**Љупчо Јордановски:** Јас мислам дека е време да почнете по текстот на законот. Воведот е во ред, две минути поминаа.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе не ми е ограничена дискусијата, јас можам да дискутирам, имам право да дискутирам.

**Љупчо Јордановски:** Да, но само по текстот на законот, а не во врска со принципите.

**Цветанка Иванова**: Да, во оваа фаза би сакала да истакнам дека она што го даде како забелешка господинот Караџоски, навистина од страна на Законодавно-правната комисија беше поднесен амандман на членот 55 став 1. Овој амандман од страна на Комисијата беше едногласно прифатен. Не е резервирање на мислењето на членовите на Законодавно-правната комисија. Сигурна сум дека сите членови на Законодавно-правната комисија што беа присутни гласале за овој амандман. Меѓутоа, според Деловникот дефинитивната крајната одлука ја донесува Собранието и ние тоа го почитуваме како Законодавно-правна комисија. Јас би сакала сега да ја искажам и поддршката што Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз ја дава на овој закон за донесување на овој закон. Ние во целост го поддржуваме донесувањето на овој закон затоа што сметаме дека со овој закон веќе дефинитивно, после постоечкиот закон. е од поранешна Југославија и веќе дефинитивно се усогласуваат и овие одредби, во оваа област со Уставот на Република Македонија, се вградени директиви со европски стандарди и дефинитивно значи дека ќе имаме една модерна, брза и ефикасна управна постапка која што ќе биде во функција на граѓаните, затоа што веќе граѓаните нема да бидат само странки во управната постапка, туку тие ќе бидат корисници во управната постапка, на услугите кои што ќе ги пружа администрацијата, а со воведувањето на новите начела практично администрацијата станува веќе дефинитивно сервис на граѓаните со што веќе можеби во правната сфера ќе го заокружиме системот на реформи и во јавната администрација. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Повелете госпоѓа Којзеклиска.

Господинот Караџоски се јави за реплика

(Госпоѓата Иванова бара збор за реплика).

Не може.

(Иванова-зошто не може)

Затоа што јас не ве прекинав, вие не зборувавте по текстот.

(Иванова - ама вие коментиравте)

Ќе коментирам, затоа што сум овде, должен сум да ве предупредам дека по текстот треба да се дискутира. Владата треба да си го брани законот, а вие направивте реплика на господинот Караџоски. Кога ве прашав дали имате реплика, вие рековте дека сакате збор по текстот на законот.

Повелете господине Караџоски.

**ЖаркоКараџоски:** Добро, претседателе, јас бев спомнат, мислам имам право да реплицирам. Ова не мора да се свати како реплика, еве, нека биде како дообјаснување. Значи, тоа што на Комисијата бевме сите едногласни, тоа е во ред, меѓутоа, овде во Парламентот, колешке, вие сте сепак заменик координатор на пратеничката група која е најбројна и вашиот авторитет и како пртседател на Комисијата, но и како заменик координатор, требаше да го искористите, да излобирате кај пратениците, а не само да се повикуваме на Деловник. Тоа е јасно, меѓутоа, барем ние така правиме, ако изградиме став, особено од позиција на координатори и заменици координатори, тоа го направиме како претседател на Комисија, логички е да излобираме во пратеничката група, тој став и да се почитува, а не да се правдаме на Парламентарното мнозинство, дека има право да гласа како што сака. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика, повелете.

**Цветанка Иванова:** Господине Караџоски, пратениците одлучуваат во Собранието во согласност со своето убедување.

**Љупчо Јордановски**: Повелете госпоѓо Којзеклиска, а потоа за збор се јави пратеникот Аднан Јашари.

**Марија Којзеклиска:** Многу беше искажано претходно во однос на Предлогот на законот за општата управна постапка, јас ќе бидам кратка и

само ќе посочам на определени мои размислувања во однос на текстот на Законот.

Во однос на фактот дека една од целите на реформата на јавната администрација е создавање на систем на јавна администрација која ќе работи врз основа на принципите на еднаков пристап при остварување на правата на интересите на граѓаните, неопходно е таа јавна администрација да ја пртставува ефикасен сервис. Со овој закон за општата управна постапка ние ќе се обидеме, всушност, да ги ставиме и да ги утврдиме правните рамки за дејствување на администрацијата при одлучувањето за правата и интересите на граѓаните. И, сега, не знам дали овој закон овде затоа што одеше во три фази, па меѓувреме се донесоа и некои други закони, меѓутоа јас ќе посочам само на Глава 4 тоа е комуникација на граѓаните и на странките.

Во однос на поднесоците би сакала да го цитирам член 61 став 1, каде е дефинирано дека под поднесоци се подразбираат барања, обрасци кои се користат за автоматска обработка на податоци, предлози, пријави, молби, жалби, приговори и други соопштенија, со кои странките се обраќаат до соодветниот орган, а тоа се државните органи и другите органи кои вршат јавни овластувања.

Во ставот 2 се вели дека поднесоците по правило се предаваат непосредно, значи непосредно до органот, или се испраќаат по пошта писмено или усно се соопштуваат на записник, а можат ако не е пропишано поинаку да се достават, да се изјават и телеграфски и по телефакс. Е, сега, во оваа ера на експанзија на технологија, а да го потсетам претставникот на Владата дека ние на претходната седница го донесовме законот, го усвоивме предлогот за донесување на закон за слободен пристап на информациите од јавен карактер, каде што органите, државните органи, јавните установи и службите кои всушност ја сочинуваат јавната администрација, се должни да даваат соодветни информации, освен оние кои согласно членот 6 се задолжителни да не се даваат односно барањето за пристап на информација може да биде одбиено. Значи, во оваа ера за развој на технологијата, ние сеуште ќе се сведеме на тоа општата управна постапка да ја водиме и да ја засноваме единствено со писмен доказ дека подносителот или непосредно ја дал на органот на управата или печатот од поштата. А, знаеме дека, еве и почитуваниот претседател на Собранието се труди барем Собранието на РМ да го направи достапно до поголем број на граѓани во Република Македонија со давање на стенографските белешки од седниците на Собранието, од листингот на гласање, а Собранието на РМ исто така е орган на државната власт. Овој закон и на него се однесува за општата управна постапка. Меѓутоа, тоа се однесува можеби на органите на државната власт во Скопје, но ако ги споредиме органите на државната власт по градовите, јас сметам дека многу мал процент ја имаат можноста да бидат корисници на вебсајд, иако истиот вебсајд, како што реков во претходниот закон за предлог за донесување на закон за пристап на информациите, слободен пристап од јавен карактер постои како можност. Значи, дадено е со законот, така што сметам дека овие поднесоци, иако овој закон го ставаме во согласност со европското законодавство. Во европското законодавство, во Европските земји, ние знаеме каков е начинот на комуникација помеѓу странките, нивните права, ние сепак во овој дел сметам дека заостануваме зад европските закони, посебно со оваа одредба ние остануваме на милост, мислам странките остануваат на милост и на немилост на поштата, за да можат да остварат или да бидат одбиени во остварувањето на нивното право. Можеби требало Министерството за правда и овој дел да го усогласи со технологијата или барем визионерски малку да размислиме. Јас знам дека буџетот нема пари, знам дека ние штедиме, знам дека од министерствата се кратат парите колку што се може, меѓутоа, нас не чека голема работа за да влеземе во ЕУ, без да посочувам датуми, а еден од условите е и следење на технолошкиот развиток кој постои во ЕУ.

Тоа е она што би сакала, почитуван претседателе, и претставник на Владата да го кажам во однос на законот. Инаку, сметам дека има потреба, неспорна е потребата за донесување на овој предлог закон, а како што рече колегата Караџоски дали ќе профункционира, тоа ќе го оставиме на времето да го докаже. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Аднан Јашари, а потоа е пратеникот Ефтим Манев.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине пртседател.

Бидејќи е посебна фаза на донесувањето на овој закон по однос на забелешките во однос на текстот, јас забелешките ги искажав на Комисијата за правни прашања, каде што некои забелешки се усвоија во амандманите од Комисијата и нема да направам осврт за текстот, бидејќи за текстот забелешките ги дадов на работата на Комисијата. По овој повод сакам да кажам што чекам од имплементацијата на овој закон. Над се оценувам дека овој закон кој е поврзан со остварувањето на интересите на граѓаните, очекувам граѓаните покрај статусот како странка во одредена управна постапка да го стекнат и правото на корисник на услугите од органот кој ќе го спроведува овој закон. Ова го велам бидејќи преку овој закон се утврдува правната рамка преку која може да се однесуваат управните органи, но и покрај тоа за одлучување за интересите на граѓаните во управна постапка. И, токму очекувам преку овој закон да се обезбеди заштитата на странките од некоректноста на органите во текот на управната постапка. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам.

Повелете господине Манев имате збор.

**Ефтим Манев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Министрството за правда.

Би сакал да кажам по однос на предлогот на закон за управната постапка кој е во последна фаза и кој помина три фази во неговото донесување и сепак Република Македонија ќе има еден поквалитетен закон за општо управната постапка од оној кој што досега е на сила. Позитивната работа на овој закон е тоа што е отстрането скоро се она што ја правеше управната постапка . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Манев да не влегувам во иста расправија и дискусија како што бев со госпоѓа Цветанка, зборувајте само по текстот на Законот. Имавме три фази да го кажеме своето мислење и ве молам уште еднаш зборувајте по текстот на законот.

**Ефтим Манев:** Бидејќи она што е предложено е се прифатливо за мене, а исто така е прифатливо и за ВМРО-ДПМНЕ и таквиот закон ќе го поддржи, бидејќи е квалитет. А, она што остана недорешено низ комисиите каде што не се најде на разбирање со Министрството и со Владата, сметам дека истото ќе се исправи во една поблиска иднина, која што ќе се види во самата примена на Законот. Толку би имал да кажам по него.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Очигледно е дека нешто во Деловникот треба да смениме во врска со тоа што значи дискусија по текстот на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам пртресот по текстот на Законот.

Почитувани пратеници, иако овде сте мал број, јас би сакал да ве известам дека нужниот услов да се гласа, бидејќи треба двотретинско мнозинство, не постои, затоа што сум информиран дека сте помалку од 80 души потпишани, а и со договор со координаторите на пратеничките групи гласањето по овој закон ќе го одложиме и сега ќе поминеме на следната точка, кога ќе се создадат услови за тоа.

**Поминуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени. Согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Краљевски имате збор.

**Чедомир Краљевски**: Јас се јавив процедурално, претседателе.

Сакам да побарам пауза од 15 минути заради усогласување на некои ставови во пратеничката група.

**Љупчо Јордановски:** Пауза од 15 минути. Значи, морам да ве известам односно со допис ме известија дека господинот Чедомир Краљевски координатор на ВМРО - Народна, инаку, правило е дека само координаторите можат да бараат пауза.

Повелете, имате 15 минути пауза.

Продолжуваме во 12,30 часот.
(По паузата седницата продолжи во 12,30 часот).

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Жарко Караџоски:

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници сега го разгледуваме Законот за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија она што ни го понуди Владата, а станува збор за општините Чешиново и Облешево, или она што ни го нуди предлагачот, односно Владата името на општината да биде Чешиново-Облешево со седиште во Облешево. Јас морам да кажам дека овој закон предизвикува навистина голем интерес и во јавноста и меѓу пратениците со самиот факт што сите сме сведоци дека во овие општини, значи во општината Облешево, Чешиново-Облешево како што сега се предлага и според законот сеуште е општина Облешево. Во Чешиново на патниот правец спрема Кочани повеќе од десет дена имаме протести од населението во Чешиново со кое што јавно искажуваат револт дека ваквото решение на Владата не го прифаќаат.

Исто така, до нас како пратеници доставени се разни известувања, писма и т.н. со образложенија и тоа најповеќе од Чешиново , имаме и од Облешево со кое што ни се објаснуваат ставовите заради кои што тамошното население, односно тамошните граѓани не го прифаќаат она што Владата го понуди.

Во образложението на предлагачот и она што имавме прилика да го слушнеме и од премиерот се повикуваше на таа една средба што ја имаше Владата и премиерот со тамошното население кое што се заврши на некаков начин објаснување дека во овој крај е постигнат некаков договор помеѓу жителите на Чешиново и Облешево, или барем бил блиску до некакво решение. Меѓутоа очигледно е дека и ова што се нуди како предлог, значи нема никаков збор за било какво решение, затоа што проблемите сеуште таму постојат. Јас како пратеник заедно со господинот Чедомир Краљевски поднесовме амандман кој што амандман во текот на расправата кога ќе дојде амандманот ќе го образложиме подетално. Меѓутоа, во основа е спротивен на она што го нуди Владата, а е во правец на тоа и Чешиново и

Облешево да бидат како посебни општини, а и целата наша пратеничка група сметаме дека тоа е сигурно единственото исправно решение и не ја гледам причината зошто Владата така не псотапила.
Овде почитувани колеги имаме едно пропратно писмо од градоначалникот на Чешиново со кое што доста опширно ни се објаснува кои се причините поради кои што Чешиново треба да биде посебна општина. Иако сега предлагачот, или претставниците од Владата можат да најдат разни објаснувања дека според оние критериуми кои што имавме многу прилика да ги дискутираме кога се носеше Законот за територијална поделба дека минимум бројот на жители треба да биде 5 илјади жители за да некоја општина биде посебна општина. Во конкретниот случај, или секаде во Република Македонија е јасно дека тој критериум веќе не држи место, затоа што ако се земе во предвид целата територијална организација која што се направи со тој закон, ќе се види дека тој критериум во многу наврати е нарушен, односно отстапено е од него. Имаше општини кои броеа и повеќе од 10 илјади жители, имаше општини со помалку од 5 илјади жители кои станаа посебни општини, или останаа општини. Така што врз основа на тој критериум не би требало да биде овде обврзувачки кога станува збор за овие две општини, за да мора со едно решение кое во секој случај е принудно решение да се спојуваат две општини каде што очигледно е дека фактички и не можат да бидат споени заради тоа што не можете со сила никого да натерате да живеат во една општина каде што очигледно е дека постојат разлики, односно постојат поинакви мислења кај самите граѓани. Нас како пратеници во секој случај не може да ни биде сеедно кога имаме прилика да го гледаме она што се случува таму кога гледаме дека постојат повеќе од 10 дена протести, разни револти кои доаѓаат, сепак од граѓаните на Република Македонија, а ние како пратеници, или како Влада овде да инсистираме на некое решение кое во секој случај нема да биде решение, затоа што ќе предизвикува одредени проблеми и реакции и така проблемот не е решен. Ако сме се декларирале, особено ние како пратеници дека нашата уставна позиција, нашата уставна положба е токму да ги пренесуваме и почитуваме ставовите на граѓаните кои што не избрале и ни го дале она право кое сега овде ние го користиме и седиме на овие фотељи, тоа значи дека треба и тие ставови на граѓаните да ги застапуваме и браниме, поточно да го застапуваме нивниот интерес. Овде повеќе од очигледно е и во конкретниот случај дека интересот на граѓаните и во Чешиново и во Облешево е да бидат посебни општини, со тоа што нема ништо посебно да се наруши и со тоа што и двете имаат можност на некој начин и тоа да го остварат.
Почитуван претседателе, дозволете ми во интерес на јавноста би сакал да прочитам нешто од она што овде ни се понуди од страна на жителите на Чешиново, нивните аргументи со кои што тие мислат дека имаат право да си ја задржат општината. Тоа не дека пратениците го немаат видено и го немаат прочитано, но, сепак заради запознавање на пошироката јавност би сакал да го искористам ова право што го имам сега како право на збор за да се согледа малку поотворено и пореално она што значи ...
**Љупчо Јордановски:** Дали тоа значи кога ќе дојде амандманот тоа нема да го читате?
**Жарко Караџоски:** Да. Значи, која е општина Чешиново многумина се прашуваат. Верувајте за оние граѓани на Република Македонија кои немаат прилика, или немале прилика во животот да ја запознаат, јас би сакал сега да го прочитам за малку подетално запознавање.
Општината Чешиново се наоѓа во најнискиот рамничарски предел во Кочанското поле. Таа зафаќа простор од средното сливно подрачје на реката Брегалница од нејзината десна страна. Чешиново како седиште на општината зазема средишна позиција помеѓу поголемите градски општини Кочани, Штип и Пробиштип. Она што е клучно за опстанокот на малите општини се сопствените извори на финансирање како што се предвидува со новиот Закон за локална самоуправа и со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Во контекст на ова се укажува на фактот дека во моментов во седиштето на општината Чешиново се лоцирани и стопанисуваат повеќе индустриски и преработувачки капацитети како: Опалит, Неметали, Макприм, Прогрес, Оризарство, неколку занаетчиски дуќани, бензиска пумпа и т.н. Во Чешиново работи погонот за лесна конфекција во кој се обезбедени вработувања на женска работна рака. На тој начин во Чешиново свое вработување имаат околу 800 луѓе што е мошне значајна бројка, имајки во предвид дека во село Чешиново како населено место има околу 1100 жители. Токму поради ова од една страна и новите начини на финансирање од друга страна се смета дека Чешиново има квалитетни предиспозиции за само финансирање како општина, а со тоа и за добивање место во новата номенклатура на општините во Република Македонија како и за нејзин опстанок. Во принцип би било не коректно средствата кои ќе им ги плаќаат правните субјекти и граѓаните врз основа на персоналниот данок, ДДВ и слично, а кои ќе бидат извори на финансирање на општината да се прелеваат на друго место како што сега се предлага. Во село Чешиново работат Пошта, Матична служба и Аптека кои ги опслужуваат сите локални населени места, а исто така постои и железничката пруга за сите видови патнички и товарен транспорт. Во село Чешиново работи амбуланта, секој ден можат да се лекуваат околу 5 илјади граѓани од населените места Чешиново, Спанчево, Соколарци, Врбица, Жиганци, Ново Селани, Лепопелци, Уларци, Бурилчево, Кучичино и Чифлик. Зградата на амбулантата е нова, значи составена е од општа ординација, забна ординација, лабораторија и општ дел, а може да ги задоволи и здравствените услуги на околу 10

илјади пациенти. Во амбулантата значи секојдневно работат лекар по општа медицина, лекар стоматолог, медицински сестри, забен техничар. Во село Чешиново исто така работи и приватна амбуланта по општа медицина. Село Чешиново има и основно училиште кое го носи името “Страшо Пинџур” во кое своето образование го стекнуваат многу ученици од селата, а кои катастарски не припаѓаат на општина Чешиново. Поради близината на нивното село со општината Чешиново неизводливо е тие да се школуваат во својата матична општина која е многу повеќе одалечена од нивното населено место. Својата потреба за вработување овде ја задоволија многу диполмирани наставници од соседните населени места. Телефонската централа во општина Чешиново моментално ги опслужува населените места Чешиново, Соколарци, Уларци, Бурличево, Жиганци и Кучичино на подрачјето на општина Чешиново е лоцирана и трафостаница која е регионален центар за напојување на електрична енергија. Од неа излегуваат 10 киловатни водови за напојување на трафостаниците во сите овие села што претходно ги кажав, да не ги набројувам повторно, а постои врска за напојување и на село Облешево. Историјата кажува дека Чешиново од секогаш било центар во овој регион каде што биле лоцирани органи на државната управа во секоја власт своевремено. Историските податоци кажуваат дека уште со формирањето на Кралството СХС па се до крајот на Втората светска војна во Чешиново било лоцирано седиштето на локалната власт.

Како дојде до последната Владина одлука, овде има верзија, односно не е лошо да се запознаеме и ние како пратеници, но и јавноста. Значи, со Предлог законот за територијалната организација, првата верзија селото Облешево беше предложено за општински центар. Незадоволна од таквиот предлог општина Чешиново на 11.01.2004 година спроведе референдум во шесте населени места по прашањето, дали сте за Чешиново да остане општина. Над 90% од населението излезе на референдумот и го даде својот глас за. Но, што друго се случи? Три села во склопот на општина Облешево, Кучичино, Бурличево и Уларци во тој момент кога предлогот беше за да остане општина Облешево, спроведоа референдум на 1.02.2004 година по прашањето, дали сте за нашето село да се припои кон општина Чешиново. И овде месното население масовно се изрази за, за, и ова е единствен случај во државата кога населени места во општината што се предлага да остане со новиот Закон, спроведуваат референдум за припојување кон општина што се предлага да се укине. Меѓутоа, Министерството за локална самоуправа и Владата тогаш согледувајќи ги сите аргументи спроведени референдуми, одлична геостратешка положба, економска развиеност, одлична инфра структура и слично седиштето на општината предложија да се промени и Чешиново со новиот Предлог закон, значи втората верзија се предложи за општински центар. И задоволни од тоа, а бидејќи не располагаат со други аргументи, жителите од село Облешево го блокираат магистралниот пат М-5. Во тој момент сообраќајот се одвиваше по алтернативни патишта како што е и денес слична состојба кои поминуваат низ општина Чешиново, а кои патишта населението ги има градено со свои средства. Под притисок на локалното население во село Облешево тогашниот премиер господинот Хари Костов се состана со претставници од Облешево без присуство на Чешиново и донесоа еднostран заклучок, на териториите на Чешиново и Облешево да се одржи референдум и населението да се изјасни каде треба да биде новото седиште на општината. Референдумот требаше да се спроведе во рок од 15 дена. Меѓутоа, што повторно се случи, Законот се донесе, во него стои дека Чешиново е општина со седиште во село Чешиново, а никаде во Законот не стои обврската да се спроведе референдум. Заклучокот на Владата беше испратен до двете општини со дефинирано референдумско прашање кое гласеше: дали седиштето на новата општина според Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија да биде село Облешево. Референдумот беше предложено да се одржи на 28.11.2004 година. По сето ова се изјасни Советот на општина Чешиново кој донесе заклучок дека на територијата на општина Чешиново нема да се одржи референдум од причини што нивното барање е исполнето, Чешиново останува општина со седиште во село Чешиново, а од друга страна заклучокот на Владата нема обврзувачко дејство. Па Советот не е обврзан да распише референдум и затоа и не распиша. Советот на општина Облешево распиша референдум по гореспоменатото референдумско прашање кој се одржа на 28.11.2004 година. Значи, и покрај сите усилби кои ги направија органите на единиците на локална самоуправа во Облешево на референдумот излегоа 57% од населението. Но, да се напомене дека и покрај низата неправилности направени во текот на гласањето, сепак органите на единиците на локалната самоуправа Облешево не успеаа да извлечат до крај поволен резултат бидејќи излезените околу 2400 гласачи не беа доволни за да се исполни цензусот од 50%. Значи, од вкупно 6300 гласачи за да консултацијата би била основа за преземање активности од страна на Министерството и Владата. Облешево потоа веднаш прогласи победа и се самопрогласија за општина, меѓутоа и во овој случај Министерството не можеше да направи ништо, бидејќи беше направена само еднострана консултација, затоа што согласно член 2 од Законот за територијална организација: основање на нова општина, значи спојување, поделба и менување на граници и менувањето на името и на седиштето на општината може да се изврши со измени и дополнувања на овој Закон како што е сега случај, а по претходно консултирање на граѓаните од

подрачјето на општините како што сега не е случај на кое се однесува спојувањето, поделбата, или менувањето на начинот утврден со закон. Во овој случај ставот на Чешиновци е дециден, Чешиново е општина со седиште во Чешиново и нивното нераспишување на референдум е подршка на веќе донесениот Закон. Потоа, повторно почнаа преговори со Министерството за локална самоуправа и на територијата на општина Чешиново да се спроведе референдум по истото референдумско прашање за да Владата имала целосна претстава за волјата на граѓаните. Советот на општина Чешиново уште еднаш расправаше околу ова прашање и на вонредна седница одржана на 21.01.2005 година донесе Одлука за распишување на референдум кој референдум се закажа да се одржи на 6 февруари 2005 година. И кога материјалите беа доставени до Министерството за локална самоуправа испратеното е барање до Министерството за правда и до Државниот завод за статистика за изготвување избирачки списоци. Од медиумите слушнав дека премиерот Бучковски се состанал со претставници од Облешево и донел одлука да го промени седиштето на општината од Чешиново во Облешево на кој што состанок повторно немаше претставници од општина Чешиново. Сега на Чешиновци не им е јасно што сега понатаму, од една страна Министерството по втор пат предлага да се распише референдум, а од друга страна Владата веќе донесува Одлука за промена на седиштето. Значи, граѓаните на Чешиново обраќајки се до нас како пратеници не уверуваат дека сите погоре наведени податоци се објективни и вистинити во духот на Европската повелба за локалната самоуправа чиј потписник е и Република Македонија

**Жарко Караџоски:** (Продолжение)

Од нас како пратеници се бара да не се дозволи измена на Законот, така како што сега Владата го предлага. Револтот кај граѓание е огромен, од причина што и тие самите не знаат што се случи со нивната општина што за само неполни пет месеци, аргументите кои ги поседуваше Чешиново за општина и седиште на општината, едноставно да исчезнат и сега Чешиново да не го заслужи статусот на општина.

Со последната владина одлука едноставно не се направи никаков компромис, туку револтот кај граѓаните е уште поголем од оној на облешевци, што се манифестираше со нивното спонтано и стихијно деноноќно блокирање на магистралниот пат.

Одлуката на Владата за измена на Законот за територијална организација, едноставно не придонесува кон решавање на проблемот, туку кон негово продлабочување. Значи во ова писмо, во ова известување граѓаните преку нивниот градоначалник не известуваат нас како пратеници дека граѓаните на општина Чешиново се категорични во нивните ставови и не дозволуваат одземање на нивната општина, бидејќи до сега не беше постигнат никаков компромис, а и во иднина доколку дојде до измена на Законот, повторно нема да биде постигнат компромис.

На состанокот со министерот за локална самоуправа било предложено, според градоначалникот, за сега единственото компромисно решение да биде времено решение, како што во Законот стои за Кичево, за околните општини, со тоа што општините Чешиново и Облешево да го задржат својот статус на општини, со препорака селата Куќичино, Бурилчево и Уларци да се припојат кон општина Чешиново. На тој начин би се добиле две општини со по околу 4000 жители и по четири години која општина ќе покаже подобри резултати, да го задржи статусот на општина, а другата да се припои кон поуспешната. Со ваквото решение граѓаните на Чешиново сметаат дека вака би биле задоволени и луѓето од Облешево и ќе се направи еден амбиент на ривалство, во поглед на подобро функционирање на локалните власти. Тоа е почитувани колеги едно од известувањата што го имавме можност да го добиеме.

На 7.02. 2005 година од општина Чешиново е доставено уште едно известување од општина Чешиново со кое не известуваат што се случи во однос на препораката на Владата и на Министерството за локална самоуправа, на ден 6.02.2005 година на територијата на општина Чешиново да се одржи референдум по прашањето - дали сте, седиштето на новата општина, според Законот за територијална организација на локалната самоуправа, да биде во село Облешево. Тука не информираат дека од вкупно запишани 1937 гласачи во единствениот избирачки список, на референдумот не излезе ниту еден гласач. Со ова уште еднаш се потврди волјата на граѓаните дека сакаат нивната матична општина да биде Чешиново, со седиште во село Чешиново. Значи имајќи ги предвид резултатите од референдумот следи оправданоста на општина Чешиново што не донесе одлука за спроведување на референдум, затоа што референдумот го покажа тој став што претходно веќе беше донесен на 28.11.2004 година, од кое се гледа дека жителите се за тоа нивната општина да остане таква каква што тие предлагаат.

Тука има уште еден апел со приложен записник од кој имаме можност да видиме како завршил референдумот на 6 февруари 2005 година.

Тоа е она што го имавме добиено како информации и известување од страна на заинтересираните граѓани во овој конкретен случај. Мојата намера беше да го прочитам она што овде ми се даде за пошироката јавност да биде запознаена со некоја хронологија на настани односно што се случува и што е таму што го крева револтот кај граѓаните, значи кои се причините за тоа.

Би сакал да истакнам дека, имајќи го предвид се тоа што го прочитав, имајќи го предвид и се она

што имавме прилика да го слушаме деновиве и преку средствата за информирање, очигледно е дека она што ни се предлага од страна на предлагачот односно Владата на Република Македонија, не го решава проблемот.

Јас како пратеник и мојата пратеничка група ВМРО-Народна партија, сме на становиште дека изнудени решенија како што и ова сега што го имаме од страна на предлагачот, се решенија од принципот на она што имавме прилика и да го кажеме кога се носеше Законот за територијална поделба. Значи тоа се решенија кои ќе бидат исклучиво административни, но на терен нема да се спроведуваат, или е направат проблеми кои секојдневно ќе продуцираат нови нови проблеми.

Ако се земе предвид дека самите граѓани имаат свое решение, значи имаат начин како да го надминат проблемот, значи и Чешиново и Облешево како единствена можност да останат посебни општини, така би се решил проблемот, или онаа варијанта која се спомнува за еден одложен период, како што тоа се направи за Кичево, да се види и по истекот на период од четири години, до наредните избори, да се види дали овие две општини можат да опстојат самостојно, или пак не можат, или пак на крајот на краиштата во една ваква корелација на односите да се види, до колку некоја од нив не може да опстане, која е таа што ќе има предност. Самото време тоа ќе го покаже. Вака инсистирајќи на решение кое на некој начин е чудно решение, имајќи предвид дека предлагачот се обидуваше тоа да го објасни дека тоа што сега се предлага, седиштето на општината да биде во Облешево, со име Чешиново-Облешево, е решение кое наводно е единствено за кое и граѓаните се согласуваат да биде прифатено. Очигледно дека не е така и очигледно дека тој компромис можеби е направен во некој потесен круг, а не на општо задоволство на сите граѓани во тој крај. Затоа ме зачудува фактот зошто Владата инсистира на еден ваков закон, на едно вакво решение, некористејќи ја можноста сеуште да продолжи со некои разговори и консултации, или да го изнајде она вистинско решение кое, на крајот на краиштата треба да му послужи на самите граѓани како решение кое тие треба да го применуваат.

Од сите овие причини, почитуван претседателе, почитувани колеги, ние, јас лично и пратеничката група на ВМРО-Народна партија нема да го поддржи овој закон, поточно доколку дојде до гласање, онака како што се предлага од страна на предлагачот, ако во меѓувреме Владата не се предомисли, или ако во меѓувреме не биде прифатен нашиот закон, тогаш повеќе од јасно е дека ние ќе гласаме против, со тоа што ќе укажеме дека нашето гласање против да биде поука до предлагачот дека решенија со еднostran интерес, поточно решенија кои не се прифатливи од сите, не се перспектива и не нудат трајни решенија, тие можат да продуцираат и понатаму проблеми. Заради тоа, се додека оваа седница не заврши, се додека имаме право да дискутираме по овој закон по општиот претрес и претресот по амандманите, сите овие аргументи кои сега како пратеници ќе ги искажеме, од она што го имаме како сознание, од она што е доставено до нас, верувам дека Владата ќе ги земе предвид и верувам и се надевам, не заради нас како пратеници, не заради нас како опозиција, туку пред се заради интересите на граѓаните кои се директно засегнати со овој проблем, или ќе го повлече овој закон и ќе почека некое подобро време, или пак ќе го прифати амандманот што го предлагаме. Значи ставот го кажав.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор има заменикот министер за локална самоуправа.

Повелете госпоѓа Алтанџиева.

**Тања Алтанџиева:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

На дневен ред на денешата седница на Собранието на Република Македонија се измени и дополнувањата на Законот за територијална организација што беше донесен минатата година односно на 11 август 2004 година.

Во доставениот текст на Предлогот на текстот на законот стојат причините зошто Владата се треши да пристапи кон изменување и дополнување на Законот за територијална организација, исто така и образложението за истите причини. Меѓутоа, секако, заради јавноста би сакала уште еднаќ да ги образложам причините зошто Владата се реши да пристапи односно да предложи измени и дополнувања на овој закон.

Првата причина е исправка на техничка грешка што е направена при усвојувањето на амандманите на Законот за територијална организација, во однос на утврдувањето на населените места во општина Центар Жупа. Затоа во членот 2 од Предлогот на законот стои дека во член 12 став 1 точка 70, по зборот “Брештани” се додава зборот “Броштица”. Заради тоа неминовно следуваше Владата да предложи дополнување на Законот во тој правец.

Втората причина зошто се пристапи кон измени и дополнување на Законот , е измената со која се предлага промена на седиштето на општина Чешиново односно седиштето да биде во населеното место Облешево, а името на општината наместо Чешиново да биде Чешиново-Облешево.

Постојното законско решение е општина Чешиново, со седиште во Чешиново. Меѓутоа, да не заборавиме дека Законот е донесен на 11 август 2004 година. Ден пред тоа, на 10 август Владата донесе заклучок, Собранието на Република Македонија да го донесе Законот за територијална организација, со решението што е предложено за територијално организирање на општините Чешиново и Облешево, а во најкус можен рок да се распише референдум во постојните општини Чешиново и Облешево со сите населени места, истовремено. Целта на овој

заклучок беше, навистина Владата уште еднаш да го преиспита постојното законско решение односно решениeто дадено во Законот, а во исто време преку спроведувањето на референдумот да се види волјата на граѓаните по однос на спорното прашање, по однос на седиштето на општината. Во зависност од тоа да биде воведено двојно име на општината кое би започнало со името каде нема да биде седиштето на општината односно Чешиново-Облешево, или обратно Облешево-Чешиново. За жал, од тогаш поминаа шест месеци. Ниту после поголем број средби во Министерството за локална самоуправа и со претходниот министер Александар Гештаковски и со овој министер, Ризван Сулејмани кој имаше средби со претставници на локалните власти и на Облешево и на Чешиново, дури и на последната заедничка средба каде на заедничка маса седнаа претставниците на двете општини, меѓутоа, за жал, не се постигна заеднички договор, во смисла на тоа да излезат со заеднички предлог по однос на седиштето на општината.

Пратеникот Караџоски изнесе една хронологија на настаните за тоа како се одвиваа по однос на референдумот, меѓутоа, секако и јас би сакала да акцентирам некои датуми, за тоа како одеше целиот овој настан.

Заклучокот на Владата се донесе на 10 август 2004 година. На 13 август во Министерството за локална самоуправа беше организирана средба со претставниците на општините Облешево и Чешиново, се со цел да бидат информирани за заклучокот на Владата. Меѓутоа, на оваа средба не присуствуваа претставниците на општината Облешево. Градоначалникот на општина Чешиново на оваа средба го известија министерот за локална самоуправа дека не го поддржуваат заклучокот на Владата и дека не се согласуваат да се одржи референдум на кој граѓаните од сите 14 населени места би се изјасниле по однос на седиштето на новоформираната општина.

На 22 септември во Министерството за локална самоуправа беше организирана уште една средба со претставниците на локалните власти на Облешево и Чешиново. Овде беа присутни претставници на двете општини, беше присутен претставник и од Министерството за правда, при што начелно двете страни се согласија референдумот да се одржи на 28 ноември 2004 година. На оваа средба исто така беше дефинирано и референдумското прашање кое гласеше - дали сте седиштето на новата општина, според Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Републка Македонија, “Службен весник” број 55/04, да биде во село Облешево.

Меѓутоа на седницата на 22 септември 2004 година односно на седница на Советот за локална самоуправа на општина Чешиново, е донесен заклучок дека на територијата на општина Чешиново нема да се одржи референдум.

Во нивниот заклучок кој исто така беше доставен до Министерството за локална самоуправа стои дека тие не прифаќаат дополнителна консултација и со тоа евентуална измена односно промена на името и на седиштето, бидејќи се согласни со постојното законско решение, како што кажа претходниот пратеник.

На 9.11.2004 година Советот на општина Облешево донесе заклучок односно одлука за распишување на референдум.

Заради надминување на постојните проблеми, на 26 ноември, претставници на Министерството за локална самоуправа, претставници на Министерството за правда, директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа, беа на лице место и имаа средби со претставниците на локалните власти и на општина Чешинво и на општина Облешево, се со цел за надминување на постојниот проблем, се со цел за изнаоѓање на едно заедничко решение, било какво, на секој начин да се постигне компромис, да се постигне согласност помеѓу претставниците на локалните власти и на двете општини, околу седиштето на општината. Во ниеден момент не се постави прашањето за постоење на две посебни општини. Меѓутоа, и на оваа средба, каде на лице место отидоа, како што кажав, претставници на централната власт, во седиштето на општина Чешиново, истите беа известени дека нема да се одржи референдум и тоа така заврши.

На 28 ноември 2004 година во општина Облешево се одржа референдум. Да не ги цитирам сега бројките, број на запишани избирачи и проценти, меѓутоа колку за информирање на јавноста, во Облешево има запишани избирачи 4314. На референдум излегле 2481 избирач односно над 57,5%. 44 гласачи гласале против односно 1,8%. Овој референдум беше набљудуван и од Граѓанската асоцијација “Мост” кои во начело немаа никакви забелешки околу законитоста и постапката на спроведениот референдум.

Општина Чешиново има 1938 избирачи. Меѓутоа, како што кажавме не одржаа референдум, за, сепак, после извештајот кој беше доставен од Министерството за локална самоуправа, до Владата, се донесе заклучок да се дореализира заклучокот на Владата до крај, со тоа што и општина Чешинов да спроведе референдум односно да се направат напори од страна на Министерството за локална самоуправа, преку средби да се убедат претставниците на општина Чешиново да одржат референдум, како навистина би можело да се види волјата на граѓаните по однос на прашањето за седиштето на општината.Со тоа да се изврши целосно реализирање на заклучокот на Владата.

**Тања Алтанџиева: (Продолжение)**

На 4 јануари 2005 година во Министерството за локална самоуправа се одржа средба со претставниците на Чешиново на која беа информирани за заклучокот на Владата за да истите на 21 јануари 2005 година навистина

донесат одлука за распишување на референдум, меѓутоа, како што бевме сведоци и од дописот што е доставен верувам и до пратениците и до Собранието и до Министерството за локална самоуправа и од она што можеше да се види во медиумите референдумот во општина Чешиново беше закажан, меѓутоа, ниту еден граѓанин на општината не излезе на референдумот за да одговори на поставеното референдумско прашање - дали сте седиштето на општината да биде село Облешево на кој едноставно граѓаните на Чешиново можеа да гласаат против односно не, со што ќе беше искажан нивниот негативен став по однос на поставеното референдумско прашање.

Меѓутоа, ако математички се земат процентите на бројот на запишаните избирачи и онаа калкулација дали има над 50% од вкупниот број граѓани во двете општини, се добива една калкулација со која на некој начин се изнесуваат факти дека не е исполнет цензусот по однос на вкупниот број на запишани избирачи, па со тоа референдумот бил успешен или не бил успешен.

Меѓутоа, да не заборавиме дека ова е референдум што го спроведува локалната власт, сепак е од влијание за Владата, меѓутоа, има консултативен карактер и во никој случај не може да биде задолжителен по однос на одлуката на Владата.

Но, и покрај тоа и пред одржување на овој референдум пак беше организирана средба на која и јас присуствував заедно со министерот Ризван Сулејмани на која беше кажано еве имате шанса, имате можност да се договорите, да излезете со заеднички предлог. Меѓутоа, верувајте немаше начин, немаше услови да може да се постигне заеднички компромис. Нашата цел беше претставниците на локалните власти и на Чешиново и на Облешево да излезат со заеднички предлог, ние како Министерство за локална самоуправа, односно Владата би го прифатила во секој случај. Какво и да биде решението на Владата, дали седиштето ќе биде во Облешево или седиштето ќе биде во Чешиново ќе има незадоволни граѓани. Ако е седиштето во Чешиново утре ќе излезат граѓаните на Облешево, тоа не е решение на проблемот. Ако е седиштето во Облешево на барикадите, сведоци сме, дека се граѓаните на општина Чешиново. И во овој случај нема решение на проблемот.

Навистина целта ни беше да се постигне заеднички компромис, ние не размислуваме односно Владата не размислува да пристапи кон измена на бројот и на границите на општините. Всушност бројот на општините и границите на општините се утврдени со веќе донесениот Закон за територијална организација за кој впрочем имавме жестока и жолчна расправа на која сме сведоци сите граѓани на Република Македонија. Тука имаше многу амандмани за многу општини кои имаа свои дописи, сопствени аргументи за опстанок на општината и навистина би било непринципиелно барањето во овој момент, лично сметам да се пристапи кон измена на бројот на општините и кон промена на границите на општините кој е веќе утврден со Законот за територијална организација. Затоа Владата иако имаше доволно трпение, поминаа шест месеци за да се изнајде начин односно решение за надминување на овој проблем, сепак го нуди овој предлог за измени на Законот со тоа што седиштето би било во Облешево, а името на општината да биде Чешиново - Облешево.

Со тоа Владата смета дека ќе бидат задоволени и двете страни, условно кажано двете страни, бидејќи сеуште така се однесуваат претставниците на локалните власти на Облешево и на Чешиново заборавајќи дека се една општина со тоа што во едното населено место би било седиштето, а името на општината ќе започнува со името на онаа поранешна општина каде нема да биде седиштето.

Исто така, како што кажав, со Законот за територијална организација е утврден бројот и границите на општините, меѓу нив е и новоформираната општина настаната со спојување на Чешиново и на Облешево, значи сите 14 населени места со точно утврдени граници. Според донесениот Закон за територијална организација оваа општина претставува една општина. И граѓаните на Облешево и граѓаните на Чешиново се граѓани на една општина. Навистина тоа би сакала да го потенцирам и да кажам дека ниту името ниту седиштето на општината можат да и донесат профит на општината односно развој на општината, навистина тоа се аргументи по однос на името и на седиштето кои не држат во овој момент. Само заеднички осмислена локална економска политика ќе биде во интерес на сите граѓани на новоформираната општина.

Вработените во општина Чешиново кои и досега работеле во општина Чешиново односно во општинската зграда, во административната зграда на општина Чешиново и понатаму ќе продолжат да работат во истата зграда. И тие ќе бидат дел од новата општинска организација и тоа е впрочем решено во преодните и завршните одредби на Законот за територијална организација каде децидно стои дека градоначалникот односно новите локални власти ќе донесат акт за организација и систематизација на локалната самоуправа со кој ќе биде утврдена општинската администрација така што навистина не постои никаков проблем и нема да има никаква промена во однос на тоа каде би биле вработените, каде граѓаните на општина Чешиново би ги поднесувале нивните барања за остварување на нивните права. Ако тоа досега го правеле во општина Чешиново односно во таа административна зграда физички како објект што постои во постојната општина Чешиново, тоа ќе продолжат да го прават и понатаму.

Значи, во таа насока нема да има никакви промени и никакви пореметувања.

Аргументите за капацитетите и на едната и на другата општина кои евентуално очекувам од пратениците кои ќе се пријават за дисксија би биле во првец на опстојување на едната или во правец на опстојување на другата општина. Навистина не гледам никаква причина зошто оваа новоформирана општина не би можела да постои како една општина. Напротив, сите тие аргументи кои ќе бидат искажани од пратениците на денешната седница на Собранието и за капацитетите односно просторните, географските, економските, демографските, инфраструктурните, админис-тративните капацитети, развојните можности и на општина Облешево и на општина Чешиново заеднички ако се земат, ако едната ги има географските, просторните и демографските, другата ги има економските и развојните можности и потенцијали.

Сите тие заедно би биле солидна основа за развој односно за проекција на една локална економска политика која навистина ќе биде во правец на развој на новоформираната општина Чешиново - Облешево, како што се предлага да биде сега со измените и дополнувањата на овој закон. Меѓутоа, дури и сите овие капацитети ако се земат заедно сепак за остварување на сите надлежности односно со отпочнување на процесот на децентрализација односно со трансферот на надлежностите од централно на локално ниво кои ќе бидат пренесени на локалните власти дури и сите тие капаците не се доволни за остварување на сите надлежности.

Затоа навистина би требало да се има во предвид дека и во ваков случај новоформираната општина нужно ќе мора функционално да соработува со најблиската општина односно со општина Кочани за остварување на нејзините надлежности, а се со цел за остварување на правата на граѓаните во однос на давање на квалитетни, јавни односно локални услуги.

Во таа насока навистина уште еднаш би сакала да потенцирам дека е многу важно да се има во предвид дека надлежностие кои ќе преминат од централно на локално ниво се со таква тежина каде навистина и новоформираната општина со постоечките капацитети сите надлежности верувам дека нема да биде спремна да може да ги остварува.

Владата навистина има разбирање и за сензибилноста и за амбиентот во кој се изразува револтот и незадоволството на граѓаните од општина Чешиново исто како што имаше разбирање за сензибилноста и амбиентот на изразениот револт на граѓаните на општина Облешево. Дали се тоа граѓани на едната или на другата општина се граѓани на Република Македонија. Владата апсолутно не прави разлика дали се тоа граѓани на едната или на другата општина. Затоа пристапи, уште еднаш ќе повторам, кон измени на Законот во однос на името и на седиштето и тоа е компромисна формула, компромисно решение кое навистина веруваме ќе биде во интерес и на смирување на страстите, а пред се во интерес на граѓаните и на двете постојни општини.

Меѓутоа, треба да се нагласи дека имаше и толеранција и предолго се чекаше на реализација на заклучокот односно предолго се чекаше да се изнајде заеднички компромисен предлог кој ќе беше понуден на Владата за да може навистина да ја почитува волјата и на граѓаните на двете општини за да има или да нема измени на Законот, меѓутоа, со оглед на близината на локалните избори, еве веќе навлегуваме и во фаза на кампања каде навистина и емоции и кампања и обврски на политичките партии и на сите граѓани затоа Владата мораше да пресече утврдувајќи измени за кои сметам, уште еднаш ќе кажам, се компромис и во однос на името и во однос на седиштето на општината.

Затоа почитувани пратеници, да не должам многу, суштината е таа, се надевам дека ќе бидат усвоени измените и дополнувањата на Законот за територијална организација за што очекувам да има дискусии, меѓутоа, сепак се надевам дека Законот ќе биде усвоен.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Алтанџиева.

Во текот на дискусијата имаше пријавено за реплика. Тука се господинот Даневски и госпоѓа Лалчевска.

Господине Даневски дали сте и за дискусија, па да знаеме за редоследот.

Сега има реплика господинот Даневски.

**Слободан Даневски:** Господине потпретседател, јас би искоментирал ова што заменик министерот за локална самоуправа се трудеше да не убеди, но мислам дека ситуацијата е многу јасна. Волјата на граѓаните во Облешево е јасна и волјата на граѓаните на Чешиново е јасна. Мислам дека треба како Парламент да ги надминеме сите овие работи затоа што ние сме последниот филтер каде се носат законите. Ако правиме една ретроспектива назад во овој Парламент сме носеле многу закони, сме правеле многу грешки и сме ги исправале. Ова што беше кажување да се договорат и двете општини условно општина Чешиново и општина Облешево тоа не може, јасна е волјата на граѓаните.

Акоземеме се што се случуваше, ако се вратиме назад при носењето на Законот за територијална поделба и ако земеме дека скоро сите пратеници од ВМРО и Либерална партија и многу други кои јасно ставија на знаење дека при носење на новиот закон и тогаш имавме амандман, да си остане општина Облешево како посебна и да си остане општина Чешиново како посебна. Зошто сега се нема еден сенс, зошто Владата нема расположение да го надмине овој случај. Ако се вратиме на овие температури на -20$^{o}$C мрзнат и деца ги ставија и децата од училиште, им стојат незавршени селските работи, блокираат патишта, блокирана е скоро половина Источна Македонија. Не се виновни тие од Берово, Делчево, за да не

можат да дојдат, не дај Боже во Скопје, да се ги завршат работите. Трпи стопанството, трпат бизнисмените, трпат болни луѓе кои треба да одат на лекување во Скопје, на контрола, студентите на испити, мислам дека се прави голема неправда и спрема едните граѓани и спрема другите. Што ќе смени во дадените услови да си остане општина Чешиново и што ќе смени да си остане општина Облешево. Ништо нема да се измести во Република Македонија. Дајте да ги надминеме тие тесно партиски интереси, да не кажуваме кој колку жители има, кој колку граѓани, ако се почитуваме по она што беше Европска повелба каде и Македонија е потписник, таму стои дека услов од 5 илјади жители, имаме и многу други општини кои ги изгласа овој Парламент, а не ги задоволуваат тие критериуми.

На крајот би апелирал Владата да усвои да си остане општина и Чешиново, да си остане општина и Облешево. Дајте да ги надминеме овие работи, со ова не вршиме некој терор на Република Македонија и ако ова не го направиме Република Македонија нема да биде примена во НАТО структурите ни во Европската унија. Мислам дека има решение.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Даневски.

Нареден за реплика е господинот Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине потпретседател, дами и господа пратеници

Сакам од принципиелна причина да се вклучам во дискусија затоа што фактички не ја познавам многу ситуацијата на теренот, меѓутоа, постои еден релевантен факт, вие знаете дека со оваа територијална организација пред извесно време ситуацијата во Македонија беше со таква тензија што се мобилизираше целата држава и меѓународниот фактор со цел референдумот за територијалната поделба да биде успешен. Дури ДПА кој имаше сериозни забелешки сепак се вклучи во процесите таа поделба да биде успешна и таа организација да биде успешна.

Значи, доколку сега почнеме со измени, мислам дека се прават грешки, се отвараат процеси кои во иднина може да имаат определени последици.

Јас би поставил едно прашање зошто на пример Долнени е општински центар таму кога има само 300-400 луѓе, а Житоше над 1.500 жители, а општинскиот центар е во Долнени. Зошто на пример Владата не ги поправи овие технички грешки или законски обврски. Како Владата ова го оправдува на пример, затоа во овој момент, на овој начин, јас мислам дека тука има политизација и Собранието и опозицијата и позицијата и власта треба да бидат обединети и овој непринципиелен потег сега да се каже не и на тој начин и ние како Собрание да ја кажеме нашата решителност и принципиелност.

Затоа Законот за територијална организација во овој момент не треба да се менува затоа што доколку се менува, тогаш треба да им пристапиме и на другите области каде имаме забелешки ние албанците и тоа големи забелешки. Ви благодарам господине потпретседател.

**Слободан Најдовски:** Благодарам г-дине Насуфи.

Следен за реплика е г-ѓа Лалчевска Ристана.

Повелете г-ѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:**

Благодарам г-дине потпретседателе.

Г-ѓата заменик министер, на крајот од своето обраќање, што морам да признам беше прилично долго, дури и подолго од обраќањето на тогашниот министер кога го носевме Законот за територијална организација и не знам зошто беше потребата од едно толку долго обраќање, дали сега сака, како што рече, да направи компромисно решение или Владата треба да пресече? Јас би се задржала на овие две работи.

Дали г-ѓата заменик министер чувствува дека Владата има ингеренции нешто да пресече во име на граѓаните или треба да ја почитува волјата на граѓаните, што, во случајот со Облешево и Чешиново, за цело време од носењето во сите фази на Законот, беше многу јасно изразена, дека овие две општини сакаат да ги сочуваат постојните граници на нивните две општини, а не да се спојат во една заедничка општина? Зошто Владата тогаш не побара компромисно решение? Зошто тогаш Владата не се обиде да ја почитува волјата на граѓаните кои живеат во овие локални самоуправи? Нешто на што укажува Повелбата за локална самоуправа, што за жал, кога го носевме Законот, малку беше земена во предвид. Сега се доведовме во ситуација што ја имаме, на терен да имаме постојани блокади, од кои се незадоволни и чешиновци и облешевци, кои се принудени да излегуваат на блокади, а сите тие блокади доведуваат до пошироки реперкусии на овој регион.

Навистина, сакам да ми одговори г-ѓата заменик министер дали цени дека таа, како претставник на Владата е таа која треба да пресече или да ја почитува волјата на луѓето, за кои се однесуваат овие граници? Затоа што јас ценам дека основен критериум од кој што треба да се трга при определување на границите на локалната самоуправа е токму волјата на граѓаните кои живеат во таа општина.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Една минута има заменик министер госпоѓа Алтанџиева.

Повелете госпоѓо Алтанџиева.

**Тања Алтанџиева:** Мислам дека јас и во моето обраќање и воведно излагање по однос на измените и дополнувањата на законот имав кажано дека Заклучокот на Владата е донесен пред донесувањето на Законот. Ако заклучокот на Владата за одржување на референдум беше на 10 август, Законот е донесен на 11 август, не се работи за пресекување или за непресекување.

Владата, како што е предлагач на закон, исто така предлагач може да биде секој пратеник и 10 илјади избирачи. Меѓутоа, основната поента и на моето образложение беше дека ова прашање предолго се одолговлекува, затоа што со Заклучокот на Владата беше дадена можност уште еднаш Владата да го преиспита постојното законско решение. Меѓутоа, по однос на прашањето само за тоа каде се наѓа седиштето на општината. Во ниту еден момент не беше доведено во прашање дали од една општина треба да постојат две општини, односно како што се предлага сега со амандманот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за дискусија е господинот Стаменков Ванчо.

Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за територијална организација на Република Македонија се нуди во последен момент од страна на Владата. Може да се каже за пет дена почнува кампањата на локалните избори, а ние сега да извршиме измена на Законот. Ова покажува дека имаме несериозна Влада. Тоа е факт, дека е така. Ние мораме тоа да си го признаеме овде во Парламентарниот дом.

Самиот термин во кој што Владата ни ја нуди оваа измена ја покажува целата нивна несериозност во пристапот и решавањето на проблемите во државата. Ние имаме еден Закон, многу споредн, Закон што на Источна Македонија и донесе блокада од скоро еден месец, повеќе од 20 дена. Владата има еден неверојатно игнорантски однос кон овој проблем.

Неверојатно е и не може да се сфати да една Влада која што има толку голем проблем, да не се обиде да го реши проблемот, со блокадата на патот М-5, што предизвикува огромни штети на стопанството на Источна Македонија, на граѓаните во Источна Македонија и едноставно да се молчи и да се чека како некој од страна да ќе дојде, можеби од Америка или од Европската Унија и да ни го решат проблемот.

Да се нема чувство дека Владата е за да ги решава проблемите на граѓаните, на државата и дека со ова можеме да очекуваме, можеби во наредните денови и голем список на штети што се веќе направени на стопанството во Источна Македонија. Бизнисмените од Источна Македонија ќе бараат надокнада на штетите. За тоа веќе се разговара. Штетите се навистина во големи размери. Штетите на граѓаните кои, да речеме по разни основи се хендикепирани и не можат да си ги остварат правата на територијата на Република Македонија што се дадено со Уставот “слобода и право на движење на целата територија на Република Македонија”, е исто проблем што извршната власт во Република Македонија е надлежна да го решава.

Ние, во овој Парламент имавме еден Закон што јас го понудив пред ноговодишните празници, а кој што требаше да го реши и овој проблем со блокадите меѓу Чешиново и Облешево. Ќе ги фатевме сите рокови. Тоа решение што сега се нуди како амандман од Народната партија, ВМРО-Народна партија, беше понудена и тогаш, па ќе ги фатевме сите рокови за да се распишат изборите во двете општини и ќе ја почитувавме волјата на граѓаните на тие општини. Не може Владата да не ја почитува волјата на граѓаните, посебно за прашања од локалната самоуправа. Ако тие граѓани сакаат да имаат свои општини, Владата мора тоа да го прифати и да им го даде. Општините, односно локалната самоуправа постои за самите граѓани на локално ниво. Ние не можеме да ја наметнуваме волјата на извршната власт врз она што претставува интерес на граѓаните на локално ниво.

Сега ние имаме еден закон што е многу споредн, Закон наметнат од луѓе во Маврово или каде беа собрани, не знам, се договорија и беше едноставно на 40 референдуми срушен и не требаше воопшто да оди во втора фаза. Упорно Владата си го протежираше тоа, бидејќи имаше политички договор со својот коалиционен партнер за да оствари некоја волја односно некои лични интереси на некои луѓе кои имаат некои намери понатаму нешто да прават во тие општини што ги направивме.

Тоа е главниот проблем. Непочитувањето на волјата на граѓаните. Од тој проблем, односно од она што се вика неслушање на гласот на народот, ни произлезе сега, може да се каже овој проблем што го имаме во Источна Македонија, блокада на патот М-5.Дали е тоа од Облешево, дали е од Чешиново, не е многу важно. Важно е тоа дека проблем односно причината за оваа блокада на патиштата е непочитување на волјата на граѓаните. Непочитувањето на волјата на оние 90% граѓани од општина Чешиново кои излегоа на референдум после првата фаза на законот, кои кажаа дека сакаат своја општина Чешиново во претходните грнаици, со Законот од 1996 година, а не спојување со Облешево. Владата наместо да го почитува тоа, направи една општина Облешево и Чешиново, со седиште во Чешиново, со тоа не ја почитуваше волјата на граѓаните изразена на референдумот. Нивната волја не беше таа да имаат заедничка општина. Нивната волја беше да имаат општина Чешиново што функционираше од 1996 година. Со тоа го навлече гневот на граѓаните од општина Олешево, бидејќи ја укинаа општината и тие почнаа со блокада на патиштата.

После тоа се изнајде некое чудно решение, не знам кој го измислил, кој бил толку паметен да го смисли, едно заедничко име, па седиште, таму некаде референдум се организира каде да биде седиштето итн, тоа предизвика само одолговлекување на донесување на решението

што би било во интерес на граѓаните на овие населени места.

И сега, во пет минути до 12 треба тука да се реши проблемот за кој што јас не гледам решение дека има, бидејќи сме длабоко навлезени вво изборите,веќе се направени и листите за кандидати за градоначалници кои се кандидирале во оваа заедничка општина Чешиново и Облешево, така што не знам дали има можности да направиме две општини. Мислам дека тешко ќе се направи тоа. А, блокадите продолжуваат и денеска, ќе ги има и утре, ќе бидат и пожестоки кога ќе го донесеме овој закон. Ќе имаме и граѓанска непослушност, ќе имаме можеби и други порадикални мерки од страна на жителите на Чешиново. Најверојатно децата нема да одат на училиште, најверојатно нема да излезат на избори кои, можеби некој вели -нека не излезат, ние ќе избереме градоначалник. Но не е се исто цели населени места во Република Македонија да не излезат на избори. Тоа покажува дека граѓаните во овие населени места, не е почитувана нивната волја. Државата постои за народот и треба да работи за народот. Бидејќи и самата Влада, власта е избрана од народот, во моментот кога Владата ќе се стави над народот ќе се спротивстави на народот, ќе ја загуби борбата и едноставно ќе покаже дека таа Влада е на погрешниот пат и дека таа Влада брзо ќе си оди. Тоа е факт дека е така.

Е сега, штетите што ќе се направат, тоа се оние работи што не можат да се надоместат со тоа што Владата ќе си оди. Ни со овој,во целина како Закон за територијална организација ќе направиме една голема штета во Република Македонија. Сега правиме некои штети на стопанството во Источна Македонија кои што не се мали за граѓаните во Источна Македонија. Самиот закон, со укинувањето на општините кои работеа 8 години, ќе направиме огромни материјални штети во Република Македонија. Моите проценки се дека еден голем дел од инвестициите што беа направени од 1996 година до 2002 година, односно и сега продолжуваат некои од тие инвестиции, веќе сме 2005 година, ќе бидат оставени на уништувањето на забот на времето. Тоа веќе се случува, незавршени проекти, незавршени објекти што се започнати од тие локални самоуправи што сега се укинуваат, Владата ќе дозволи да бидат уништени, да бидат заборавени. Тоа некој ќе треба да го плати. Таа штета мора некој да ја плати. Кога-тогаш ќе се изврши пресметка на сите тие работи што од материјален поглед ќе бидат пресметани и ќе се знае точно колкави се во Република Македонија.

А, за да некој протежира своја волја или своја ситна игра околу тоа каде може да се победи или да се изгуби, која општина да ја укинеме или што да направиме, или како што реков коалициониот партнер од Албанската популација да го задоволиме, немој да ни се налути. Тоа е вистината. Мораме да си ја признаеме дека е така.

Тука не можеме да кажуваме дека критериумите што ги воспоставивме дека ги почитуваме. Ако ја погледнеме картата на општините во Република Македонија, општините се толку различни, што воопшто никакви критериуми не се почитувани. Тоа ќе го видиме. Ако може Лозово да биде општина, зошто да не може да биде и Чешиново? Ако може да биде Конче, зошто да не може Облешево да биде општина? Или, зошто да не може Оризари да биде општина со 4.000 жители центар. Град, според критериумите што ги постави Владата со новиот Закон за територијална организација. Секое населено мест над 3.000 жители со развиена инфраструктура е град.

Така што се гледа дека се нема критериуми, се нема пристап аналитички и принципиелно. Туку, се имаат теснопартиски интереси и интереси на поединци. Дури и некои повисоки интереси, како што кажав на долгорочен план, во мојата дискусија, кога беше Законот, од страна на Албанската популација или одредени водачи на таа популација, бидејќи Албанската популација сигурен сум дека не размилува така.

**Слободан Најдовски:** Господине Стаменков,

Да се сконцентрираме предложениот закон, оставете го тоа при донесувањето на законот.

**Ванчо Стаменков:** Значи, причините што доведоа до оваа блокада на патниот правец М-5 може да се сведат на една, а тоа е непочитување на волјата на граѓаните во Република Македонија или конкретно на граѓаните во овие општини Облешево и Чешиново.

Ние сега немаме решение. Јас би гласал за законот ако се вгради амандманот што е предложен од Народната партија, ќе гласам за него како таков, бидејќи сметам дека тоа е волјата на граѓаните, а ние како пратеници треба да ја почитуваме, без разлика дали Владата или што ќе каже и какви решенија ќе нуди. Ние сме народни пратеници и волјата на народот е од примарно значење за нас.

Можеби роковите се испуштени, можеби ако нема можност да се одржат изборите во оваа општина сега на 13 март, ако има законски можности да се одложат, да бидат одржани подоцна, за да се запазат некои законски рокови околу тоа да измените на законот што треба да се направат, односно да имаме две општини Чешиново и Облешево, како што си беа до сега, со Законот од 1996 година, да им го дадеме тоа на граѓаните од овие населени места и од вечерва или од денеска тие блокади што се на патниот правец М-5 бидат тргнати, а граѓаните од Источна Македонија, стопанството да почне нормално да функционира.

Инаку, јас не сакам да навлегувам која општина има поголеми капацитети и какви можности има за да опстане, мојот став е јасен по ова прашање. Многу пати сум го кажал, а тоа е дека Владата, со Законот за финансирање на општините им фрли магла на граѓаните на Република Македонија. Едноставно ги излажа дека надлежностите што се

даваат со новиот Закон за локална самоуправа, со економската моќ што ќе ја имаат општините со новиот Закон за финансирање на општините, дека нема да имаат можности да ги извршуваат тие надлежности.

**Ванчо Стаменков:** (Продолжение)

Тоа е една голема лага која што помина така и едноставно, сите општини во Република Македонија, кои што постоеја со Законот од 1996 година, покажаа во изминатиот период од 8 години дека имаат капацитет со тие малку пари кои што беа определени со претходниот закон како општини да опстојат, и не само да опстојат, туку и да се развиваат. Отидете во кое сакате село или село кои што биле со Законот во 1996 година, ќе го видите тоа на лице место дека е така.

Со новиот закон за финансирање, ние имаме повторно нова децентрализација, само со зголемени изворни приходи, со кои што ќе се овозможеше многу посилен развој на овие населени места и на овие општини. Тоа е факт дека е така и ние мораме да го признаеме. Ние имаме повторно централизирано финансирање на локалната самоуправа.

Јас воопшто не сакам да навлегувам во економските капацитети на Облешево и Чешиново, колку имаат можности. Тие имаат можности и тоа добри можности и тоа го покажаа во овој изминат период од 1996 година до 2005 година. Затоа и граѓаните од овие општини сакаат да си имаат општини, затоа што го знаат тоа, знаат дека им е подобро да си имаат своја општина и знаат дека единствено, на тој начин можат да си ги остварат своите права кои што треба да ги имаат во една нормална држава, да имаат нормални услови за живот и нормални услови да си ги остварат правата на локално ниво. Затоа се и овие блокади. Овие блокади се заради тоа што Владата сака да им земе нешто кое што им е дадено и од кое што имаат почувствувано благодет.

Зошто и на други места немаме такви блокади, или вакви работи, тоа е прашање кое што треба да се види. Можеби овде толку се страшни блокадите, токму заради тоа што Владата имаше многу лош пристап од самиот почеток и едноставно, ги иритираше граѓаните од Облешево и Чешиново меѓу себе да поставаат некој ривалитет, односно да се натпреваруваат кој повеќе може да опстои во упорноста да добие општина. Тоа е мислам причината.

Инаку многу брзо колеги пратеници, ќе го видиме ова што го зборувам дека можеби, за шест или повеќе месеци ќе видиме дека овој закон за територијална организација ќе донесе огромна штета за Република Македонија. И во развојот и напредокот, и во меѓунационалните односи и во сите сфери на живеењето. Тоа е така и сметам дека Владата треба да го повлече овој закон, воопшто да не се оди на гласање, а да изготви закон со кој што ќе се предвиди опстојување на двете општини Чешиново и Облешево. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Следен е господинот Даневски.

Дали ви е доволна дискусија од 5 минути? (Не)

Тогаш објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Слободан Даневски:** Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

И денеска имаме блокада на патниот правец Штип-Кочани, и денеска граѓаните од општина Чешиново се на патниот правец, и денеска не ги извршуваат своите работни задачи, и денеска граѓаните кои имаат нужна потреба почнувајќи од здравствени причини, економски, социјални и незнам кој, почнувајќи од Виница, Делчево, Пехчево, Берово, Кочани, неможе да дојдат до центарот на Република Македонија, до главниот град Скопје и денеска ако израчунаме, се прават големи материјални штети, како по интерес на граѓаните, така по интерес и на државата. Знаеме што значи комуникацијата, знаеме што значи еден изгубен ден, знаеме што значи еден изгубен час, знаеме дека станува хаос и тешко се живее во источниот дел на Македонија, и граѓаните бараат одговор. Ние како Парламент, па и Владата сме сервис на граѓаните и ние сме тие буквално дежурни кривци за се што се случува, дали ќе носиме исправни или неисправни одлуки.

Во изминатите години не би сакал да правам ретроспектива, ние како Парламент сме носеле добри законски проекти, некогаш не сме ја погодувале правата вистина, но секогаш сме правеле корекции. Ако се држиме по правилото дека филозофијата на живеење и животот е пропорција, политиката е компромис. Сигурно дека секогаш постои и ќе постојат една незадоволна и друга незадоволна страна. Јас сакам една теза што сака да ја наметне Владата на нас пратениците и на јавноста дека таа теза не држи. Ако сега ние направиме отстапка со тоа што на Чешиново ќе му дадеме општина, а Чешиново со законот кој што го изгласавме во Парламентот е општина Чешиново, тогаш загрижува благата порака на нашиот пратеник господинот Насуфи кој така суфистицирано децидно ни порача. Ако вие сега направите отстапка, тогаш и ние ќе бараме многу, многу отстапки. Знаеме какво беше расположенињето. Но имавме закон, го донесовме законот, реакцијата знаеме каква беше, незадоволството го знаеме. Она што Владата сака сега да ни укаже на тоа дека тие 42 референдума кои се направија во оној временски период пред изгласување на законот на 11 август дека не се обврзувачки, Владата сега реферира дека во една прилика води политика незнам каква, сигурно на штета и на едни и на други. Еднаш референдумите се валидни и се обврзувачки, а друг пат референдумите се

невалидни, необврзувачки. Ова го зборувам од таа причина што ако сме донеле закон, а изгласавме закон, разговаравме многу на оваа тема и имаше амандмани. Гласавме многу пратеници и тогаш укажувавме дека постои реална шанса дека општина Облешево ги исполнуваат сите оние критеруми и дека треба општина Облешево да си биде општина. Тогаш одговорот на тогашниот министер, не беше да кажеме дециден, не кажа аргумент за, или аргумент повеќе дека не треба да биде општина, мнозинството си изгласа, бидејќи беше сугерирано и замолница беше од министерот, господинот Гештаковски, ајде да не влегуваме во многу детали, да не ја комплицираме и да не ја мултиплицираме настанатата ситуација да поминеме затоа што од нас бара и Европа да ги запазиме роковите и да го донесеме законот на 11 август, за да нема ново пролонгирање да ги фатиме локалните избори. Ние под одговор на тоа, иако имаше дел опструкции, несогласувања, се согласивме, затоа што бевме исправени пред една друга голема задача, ние бевме веќе ставени пред искушение дека треба да ги пополниме прашалниците кои европската заедница ги бараше од нас. Го надминавме тоа со многу напори на претседателот на Собрание, со многу консултации и жолчни расправии, со навредувања и со компромиси и ред други работи дојдовме, разговаравме многу на таа тема, се разговараше во Парламентот и дојдовме до она што значи компромис. Сигурно дека има многу незадоволни граѓани на Република Македонија, кои мислеа дека се обесправени кои исполнуваат дел од она што значи критериум. Ако сме потписници, а сме потписници на Европската повелба, јасно стои таму кои се критериумите. И тогаш имаше малку дискусија од еден дел на наши пратеници кои заговараа дека можеби е време да се размислува дали може да има промена на Уставот и да имаме двостепена локална самоуправа. Тоа исто тогаш го дискутиравме. Го дискутиравме, затоа што рековме, ајде ние да побараме мислење од стручни експерти од европската заедница, потоа да не ни наметнат некое прашање, а гледаме дека се јавуваат некои благи навестувања дека веќе се преговара со некои структури во полилтичкиот живот во Македонија дека е можно заговор на двостепена, или тростепена локална самоуправа. Ова го зборувавме од тие причини, затоа што тогаш имавме убедување, ние ако направиме двостепена локална самоуправа ќе имаме кантонизација, ако направиме двостепена локална самоуправа ќе имеме бегање на општините, но останува како еден голем прашалник и ќе видиме во наредниот период што ќе ни се случува, затоа што ќе видиме наредните локални избори ќе дадат отпор, дали тие ќе завршат во демократска атмосфера во амбиент, дали ќе го положиме тестот, дали ќе го положиме испитот, дали она што го бара Европската заедница од нас ќе го положиме испитот. Сите стоиме зад филозофијата дека она што го нарекуваа едни конфликт, други го нарекуваа агресија, други го нарекуваа терористички или незнам што, или војна е зад нас.

Ние сме исправени пред големо искушение, затоа што треба да одговориме пред Европа и првиот тест, еве доаѓа позитивен импулс дека она што требаше го направивме, е поднесено барањето или прашалникот. Сега постои голема работа. Ова го зборувам од тие причини, ние сега во Парламентот имаме сенс и ги надминеме овие антагонистички идеи или размислувања на дел од позиција, или опозиција, дел на барање на едни или на други граѓани. Нема да ја изместиме нашата позиција ако дозволиме да си останат двете општини и Чешиново и Облешево. Имаме ние решение кое 6 месеци ни лебдеше во воздух. Отидовме, намигнавме на едните, намигнавме на другите. Им дадовме импул и на едните и на другите. Облешево го искористи тоа право, сега имаме некое фамозно решение што ни кажува претставникот на Владата дека имало заклучок на 10 август 2004 година, а ние го изгласавме законот на 11 август 2004 година. Ние со таков заклучок во Парламентот, кој што мене ми е познат и на колегите пратеници, го немавме тој заклучок дека Владата има размислување дека треба да се промени, односно дека треба Чешиново-Облешево да биде едно, а да се менува седиштето во друго.

Најдобро решение е да си останат и Облешево и Чешиново општини. Зошто го велам ова? Ова го зборувам од причини да не се водиме по критериумите дека еден од главните услови беше дека треба да бидат 5000 жители, имаме многу услови кои треба да се остваруваат. Многу други отстапки се направени и во многу други општини кој што не ги исполнуваат 70% од критериумите, дозволивме, за мир во куќата, за мир во Македонија ги изгласавме и тие општини. Изгласавме и се договоривме да бидат 84 плус градот Скопје 85 општини. Имаме сега една неприродна ситуација. Не сакам сега да ги мерам една со друга општина. Не сакам да кажувам какви се резултатите. Имаме допис ние пратениците кои сме бомбардирани и од едните и од другите, па сега растат апетитите и од друга општина од друга месна заедница, па сега се јавува и трета месна заедница која вели ако се караат Чешиново и Облешево, да биде месната заедница Соколарци. И во Соколарци да биде седиштето. Мислам дека нема потреба да правиме авантуризам. Да ја задржиме оваа филозофија да има мир таму. Како што тргнаа работите и ако Парламентот го испочитува да биде општина Облешево, тогаш незнам што ќе се случи со овие граѓани кои 20-тина дена се таму на блокадата. Да биде уште пострашно се инволвираа и децата. И најмладата популација не оди на училиште. Она што треба да значи една јасна порака дека солидарноста е до таа мера што се помислува и на некој радикални чекори, што не треба ние да дозволиме. Не знам што ни е во Република Македонија. Ако донесеме да си останат општината Чешиново, за што ние сме

донеле законски проект и сме кажале општина ќе биде Чешиново. И ако постои расположение, Владата има расположение да биде и Облешево општина, да го прифатиме и тој предлог. Еве, нека биде општина и Облешево. Ќе почитуваме, ќе гласаме. Ги замолувам сите пратеници од позиција и од опозиција да гласаат и нека си биде општина Облешево. Дајте да ги надминеме овие состојби, кои во моментот стојат отворени. Никој не е должен од општина Берово да го плаќа цехот сега, или од Делчево, или од Виница, или од Пехчево, да не може оние потреби што им се нужни, да дојдат на училиште, да дојдат во Скопје, овие што се од средно училиште, оние кои што се студенти, оние кои што имаат потреба од хирушки интервенции да одат во клинички центар. Да не зборуваме за бизнисмените. Имаме информации во разговор со колегите, знаете ли што ни се случува. Кочани е град перспективен со многу бизниси, со мали и средни претпријатија со многу трговски патници, со многу деловни пријатели, не можат да дојдат да си ја завршат работата. Мислам дека правиме голема штета. Трпи цел еден регион. Се работи за исклучување на нормалниот тек на живеењето. Некаде околу 70-80 илјади граѓани на Република Македонија. Ако се тие даночни обврзници, кои треба да го полнат буџетот, се прават големи штети на товар на граѓаните на Република Македонија. Ако денеска еден бизнисмен не може да дојде во Кочани, без разлика од која провиненција, или партија, не е битно, или не дојде во Берово, или во Делчево. Ние знаеме дека сме на крајот на годината, каде што треба до 28 да ги направат завршните сметки. Знаеме дека треба обврски да се наполни буџетот, треба да се плаќаат сметки. Целиот ланец е поврзан со она што значи фреквенција, со она што значи комуникација. Недолжни граѓани, како утре ќе им бараат на даночните обврзници, патот е затворен во Чешиново и неможевме ние да направиме бизнис зделка, ни должат пари, имаме побарувања неможеме да си ги наплатиме. Даночните обврзници не ги интересира. Нивната филозофија е таква. Плати, па да бидеш чист пред државата. Трпи бизнисот, трпиме сите, едноставно.

Мислам дека не треба голема филозофија тука. Владата неможе да задоволи. Го слушав излагањето на заменик министерот за локална самоуправа. Да удоволите. Не може да удоволите. Бидејќи ние во политиката, сите носиме одговорност. Отидовме до таму што ги скаравме. Скаравме село со село. Ги поделивме во една фамилија брат со брат, еден да биде СДСМ друг да биде ВМРО да не дискутираат. До таму ги поделивме. Нема што ние да направиме штета на државата. Која би била штетата. Би дале импулс повеќе и за Облешево и за Чешиново. Кога се зборуваше за територијалната поделба и во излагањето кога имаше прашања незгодни до министерот Гештаковски, тој во своето образложение кажуваше. Можеби ќе погрешам нешто, неможам да го цитирам комплетно, кажуваше дека и она што е како инфраструктура и она што имаа постигнато двете општини, почнувајќи од 1996 година. И Чешиново и Облешево. Еве да кажам за Чешиново дека е во добар развој, дека е во добар подем, дека има развој на мало стопанство, дека тоа е богат регион, дека има перспектива за земјоделието, дека има шанса да се отворат нови погони во текстилот, дека работат дел од рудникот "Опалит", дека има преработувачки капацитети, дека од ден на ден има реална шанса да привлечат и странски капитал, дека има дел луѓе, кои, еве и денеска работат и од Кочани патуваат, работат во Чешиново и од Штип доаѓаат да работат во Чешиново и од другите населени места, дека има реална шанса за инвестиции за развој на сточарство, на земјоделство. Зошто да не му дадеме на тој регион да живее. Ако ние сега гледаме каква е состојбата во Источна Македонија, многу ние ретко може да се пофалиме дека во Источна Македонија може да најдеме ретко било која општина, од типот мала општина или средна општина дека има таков подем. Во источниот дел на Македонија, една од општина која се развива во побогата општина така да се рече, тоа е Кочани и другата општина е Струмица. Она другото знаеме Штип е градска општина, другото е на работ на егзистенција. Да не зборуваме за мојата општина Свети Николе, Пробиштип, Делчево, Пехчево, Берово, мислам дека тоа е во глобала една социјала. И, ако има реални услови и дека нема да го нарушиме оној баланс, дека нема да направиме ние една мултипликација, што би рекле ќе ни стане верижна ситуација, ќе дојдат сите и ќе ни штрајкуваат. Ни случајно, затоа што ние како Парламент сме донеле одлука и сме изгласале дека општина Чешиново добива легитимитет да биде општина Чешиново. Ако направиме неправда спрема општина Облешево, нека се исправи. Укажувањата кажуваат дека и таа општина исполнува критериуми и дека има начин и дека има над 4200 гласачи. Ги прифаќаме сите укажувања од сите компетентни луѓе дека и таа општина како таква има услови да биде општина. И ако Владата се согласила и ако Владата донела заклучок, го прифаќаме и заклучокот на Владата, еве, ќе гласаме и за тоа Облешево да биде општина.

Мислам дека правиме една голема неправда за општина Чешиново. Неправдата е за тоа што луѓето повеќе пати кажаа дека се спремни да направат компромис. Дека се спремни да направат компромис, еве преодно решение да биде четири години. Ние да направиме една ренгенска снимка, една длабока анализа за состојбите, за развојот и на едната и на другата општина. Да видиме, дали тие ќе функционираат. Затоа што и ние кога го носевме законот имавме укажување од претставниците на Владата дека не сме имале длабинска анализа за тоа која општина ќе има поголеми успеси, или која општина ги задоволува едните или другите критериуми и која општина ќе го полни буџетот на таа општина и која општина има поголема перспектива. Ние тука

од наши колеги пратеници што укажуваат, ако се гледат природните ресурси дека најмалата општина во мавровскиот дел, најмалата општина во кавадаречкиот дел, дека има најголема перспектива, почнувајќи од она што е да речеме развој, богатство, рудно богатство. Ние избегавме од тие критериуми дека тие не се битни. Имавме и многу забелешки од нашите колеги албанци, кои кажуваат дека ние даваме приоритет на многу мали општини кои се од две,три или пет илјади, и имаме општини кои што се селски општини и со 15.000 жители не ги исполнуваат критериумите. Мислам имавме неправда и према едните и према другите. И ако состојбата е ваква, ние да се надминеме. Да ги поштедиме тие граѓани таму кои се граѓани на оваа држава Република Македонија, да направиме еден исчејир повеќе, пратениците да се надминат, да го прифатат и она што е како сугестија од Владата, нека биде и општина посебно Облешево, со оние граници кои што се од 1996 година, да си остане општина Чешиново, да ги надминеме овие недоразбирања и да го ставиме животот, затоа што и до ден денеска имаме блокади и до денеска имаме измачувања и ако знаеме дека има епидемија на грип и тие болни луѓе, кои што се со грип, да не излезе дека се предавници кои се солидаризираат со тие кои се на блокадите, доаѓа пролетта, тоа е земјоделски крај, да излезат луѓето да си ја обработуваат земјата.

**Слободан Даневски:** (продолжение)

Да не правиме директни и индиректни штети, да не правиме штети на тие од Берово, Делчево, Пехчево и Виница, од Кочани, да им дадеме на бизнисмените да работат - мислам дека ќе има сенс ако дозволиме двете општини да постојат. Не правиме некоја историска неправда и нема да ни дојде, како што зборував на почетокот, некоја критика од Советот на Европа или од Солана, па да каже: Вие, затоа што им дадовте на Чешиново и Облешево две општини, веќе нема да одите во Европа. Ни најмалку. За Европа сега треба друга трка да истрчаме, за Европа треба други работи да направиме, а сме подготвени тоа да го направиме, моето залагање е да си остане општината Чешиново и општината Облешево.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Даневски.

Има збор пратеникот Којзеклиска, а потоа нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам, господине претседателе.

Овие дискусии ме вратија во времето кога се донесуваше Законот за територијална организација на Република Македонија и сите оние дискусии кои беа кажани посебно од опозицијата и од тогашниот министер за локална самоуправа, госпдинот Гештаковски и неговите аргументи.

Во однос на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа, сметам дека има потреба од донесување на овој закон за изменување, но не во предложената содржина, бидејќи вака како што е предложен законот за територијалната организација на локалната самоуправа нема да ги задоволи интерсите на граѓаните, а и инициран од дваесетдневните блокади кои се случуваат во општина Чешиново. Заменик министерот за локална самоуправа кажа дека овој закон се поднесува заради решавање на состојбите во тој дел, како и технички испуштено некое населено место во друга општина.

Според мене, вака предложениот закон не ја решава настанатата состојба ниту во општина Чешиново ниту во општина Облешево, туку напротив, сметам дека од она што имавме прилика да го слушаме и гледаме секојдневно на електронските медиуми, може само да дојде до ескалација на настаните.

Хронологијата на настанот ја кажа колегата Караџоски. Она што го имавме како допис добиено од Градоначалникот на општина Чешиново немам намера да го повторувам, меѓутоа, јас ќе се задржам на образложението на самиот предлог од Владата, каде е неведено дека имало средба на претставниците на локалната самоуправа и на Општината Облешево и на Општината Чешиново, организирана во Министерството за локална самоуправа и градоначалниците на тие две општини се согласиле дека во двете општини ќе се распишат референдуми, кои ќе се одржат на ист ден, на 28.11.2004 година и на кои граѓаните од сите 14 населени места ќе се изјаснуваат по референдумското прашање. На самиот состанок било дефинирано и референдумското прашање, а тоа е дали седиштето на новата општина, според законот за територијална органзација на локалната самоуправа во Република Македонија да биде во село Облешево. Сега, врз основа на тој Заклучок на Владата, Советот на општина Облешево донело одлука за распишување на референдум за определување на седиштето на новоформираната општина, истиот се одржал на соодветната дата, а Советот на општина Чешиново донело заклучок дека на територијата на Општина Чешиново нема да се одржи референдум.

Значи, и покрај сите добри намери, ако може воопшто така да се каже, ако не се еднонасочни намерите од страна на Владата, сепак, Владата не успеала, очигледно, да ја разбере пораката која доаѓала и од Чешиново и од Облешево, па сега правиме микс со овј предлог на закон, значи името на општината го менуваме Чешиново-Облешево, седиштето го ставаме во општина Облешево.

Како што реков, врз основа на 40-дневните преговори кои траеа во коалицијата, се донесе таков Предлог-закон за територијалната

организација на локалната самоуправа, иако претходно и тогаш укажувавме и сега укажуваме дека не беа прифатени резултатите од референдумите кои беа спроведени во соодветните општини и сега, како се донесе Предлогот на законот за територијална организација со тогашното решение, општина Облешево со центар во општина Облешево, а истовремено и двете општини имаа распишано референдуми и беа за самостојни општини, Владата не го зема тоа предвид и отпосле вели сега ќе ве прашаме, па што сакате вие. Е, тоа отпосле прашување доведе до оваа ситуација и секојдневните блокади. Луѓето, навистина, дваесет дена секојдневно се таму. Сигурно и на нив не им е лесно, а имаме можност да го смениме тоа. Ние како Парламент имаме можност да го смениме со голема поддршка од парламентарното мнозинство.

Сега, да ги поставиме двете можности. Ако дојде до измена на Законот за територијална организација, како што е предложен од Владата, ќе укажам само на она што е доставено до претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Љупчо Јордановски, а со тоа и до сите нас пратеници, Декларација од страна на граѓаните на Општина Чешиново и претставниците од населените места: Уларци, Божилчево, Кучичино, Чифлик, Спанчево, Соколарци, Жиганци, Новоселани, Лепопелци и Врбица и во таа декларација самите велат. Значи, доколку дојде до измена на Законот, како што го предложи Владата, ќе се предизвика огромен револт кај населението, што е реално, да се разбереме реално е, и кај сите населени места ќе се предизвика преку тотална граѓанска непослушност. Прво, напочитување на одлуките на Владата, неплаќање на било каков вид на даноци, напочитување на органите на државната управа, Прогласување на непожелни личности од структурата на власта на чело со господинот Бучковски, продолжување со протестите и блокадите, обраќање до странските амбасади во Република Македонија за добивање на иселенички визи и организирано иселување од овие простори. Значи тоа ќе се случи, со реална можност да се случи, доколку го прифатиме овој закон. Доколку колегите пратеници или Влдата, прво Владата, претставникот на Владата да го прифати амандманот и да најдеме компромисно решение, меѓутоа, не во варијанта Чешиново - Облешево, Облешево-Чешиново, општински центар Чешиново, општински центар Облешево, туку да биде прифатен амандманот таков каков што е, општината Облешево да си остане како општина, општината Чешиново да си остане како општина.

Сите сме сведоци дека тензиите растат меѓу луѓето кои се на блокадите, од една страна, и од друга страна меѓу луѓето на блокадите и сите оние кои не можат во тој рок додека траат блокадите да го поминат, а имаат огромна потреба да го поминат тој патен правец. Се работи за секаков вид профили, трансфер на стоки и услуги. Колегата Слободан Даневски посочи на штетите кои ги трпат бизнисмените со блокадите на овој пат, а дури има и најави од одреден круг бизнисмени дека ќе ја тужат државата Република Македонија за изгубената штета што ја имаат како резултат на блокадите.

Сега ние имаме решение, а решение и да немаме мораме да го најдеме. Меѓутоа, еве, пратениците Жарко Караџоски и Чедомир Краљевски дале уредно амандман, доволно е само претставникот на Владата да го прифати амандманот. Доколку пак тој не го прифати и останува цврсто на курсот на Владата, кој сметам дека сепак треба да биде компромис и да биде во интерес на граѓаните, бидејќи министерот за локална самоуправа г-динот Ризван Сулејмани, ниту тој, ниту господинот Бучковски, ниту госпоѓицата Радмила Шеќеринска не живеат во Чешиново и не живеат во Облешево. За нив можеби тоа се бројки, граници, кроење, минимум критериуми, граѓански и природни, 5 илјади жители, меѓутоа, има преседани и во постојниот закон за територијална организација на локалната самоуправа, преседани каде што бројот на жителите е под 5 илјади, согласно критериумот на кој упорно се повикуваше г-динот Гештаковски.

Значи проблемот со општина Облешево и општина Чешиново го имавме и во текот на расправата по Законот за територијална организација на локалната самоуправа. Тоа требаше да биде доволен сигнал на министерот дека потребно е да се избере - и она што го велат претставниците на општина Чешиново и на општина Облешево, тогаш министерот да пресечеше, да developer речеше останува општината Облешево, општината Чешиново, согласно законот за локална самоуправа имаат можности за меѓуопштинска соработка, па двете општини во натамошниот период нека продолжат да соработуваат на ниво на меѓуопштинска соработка. Мислам дека тоа нема да преставува проблем.

Ние го имаме решението пред нас. Апелирам до министерот за локална самоуправа, со оглед на тоа дека тие се предлагачи на законот и сакаат да помогнат на граѓаните и на општина Облешево и на општина Чешиново, сакаат да работат во интерес на граѓаните и она што натаму во идниот живот ќе значи локалната самоуправа, да го прифати амандманот поднесен од колегите пратеници, а доколку, ќе пвоторам, тоа не се случи, ќе апелирам до колегите од парламентарното мнозинство да покажат малку разбирање за сите оние аргументи кои ги кажуваше и колегата Караџоски и колегата Слободан Даневски во однос на данокот, на опстојувањето и на општина Чешиново и на општина Облешево. Сигурно дека нема да не сатават на црната листа ако ги ставиме општина Облешево и општина Чешиново посебно, значи тоа нема да ни пречи многу за влез во Европската Унија, имаме можност да интервенираме и затоа ќе апелирам да биде прифатен амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Повелете господине Ѓорчев.

Министре, сакате да кажете нешто, имате дополнувања? Повелете.

**Ризван Сулејмани:** Прво, се извинувам што не учествував од почетокот на дебатата околу овој закон, па затоа ја користам приликата да дадам дополнителни објаснувања околу целата процедура зошто Владата се одлучи да излезе со предлог, со една единствена цел и со добра намера, а тоа е токму да им се помогне на граѓаните на неселените места кои живеат во поранешните општини Чешиново и Облешево, денес во новата општина.

Јас мислам дека секој од нас овде треба да биде поодговорен и навистина да мислиме на граѓаните на општината Чешиново и Облешево. Ако тоа го сакаме, ако тоа ни е целта, прво што треба да им кажеме на тие граѓани да им објасниме што значи законот за децентрализација односно Законот за локална самоуправа, кои права ги добиваат и како можат реално да ги остварат. Ако тоа им го објасниме на тие граѓани, тогаш јас сум убеден дека ниеден го нема читано законот, затоа што не им е обврска да го читаат, а најмалку што треба да направиме ние и како Влада и како пратеници е да им мобјасниме што значи тој закон за нив и како м ожат тие да ги остварат своите права. Ако им објасниме дека една општина со 1900 жители или 2000, 4000 жители, тешко ќе може да ги оствари сите тие права без соработка со другите општини и во духот на законот за децентрализација односно Законот за локална самоуправа е токму тоа, општините да соработуваат една со друга, јас сум убеден дека граѓаните кои денес во ова невреме за жал се на тој пат, поинаков став ќе имаат околу ова прашање.

Јас лично како министер имав неколку средби и со претседателот на едната општина, и со претседателот на другата општина, и со нивните одбори, и заедно ги седнав се со една единствена цел: да најдеме решение кое ќе биде поприфатливо за сите граѓани кои живеат во 14-те населени места. За жал, после сите тие напори не успеавме да дојдеме до заеднички став.

Еден од начините да се види вистинската волја на граѓаните беше референдумот. Таа можност која беше дадена, единствена за нив и со единствена цел, да се види волјата на граѓаните, а не на политичките елити кои владеат таму, дури и на советите, туку на граѓаните не беше искористена, односно делумно беше искористена и од тоа како Влада не можеме да дојдеме до валиден заклучок што е вистинската волја на граѓаните. Затоа им понудивме решение и стоиме сеуште на тоа, во име на Владата, после ова решение Советот кој ќе биде избран после 13-ти март и градоначалниците ќе го имаат правото со закон утврдено да избираат референдум кој за Владата е само консултативен.

Јас во име на Владата земам обврска, ако тие организираат референдум, зборувам само за седиштеето, ние ќе земеме обврска, иако тоа не е законска обврска, да ја почитуваме таа волја и пак да поднесеме измени и дополнувања на Законот, согласно таа волја која ќе биде изразена во ситуација на избрани, легитимни, со нов легитимитет, совети и градоначалници. Тоа е најдобриот начин да им се помогне. Другото со нудење решенија кои во суштина нема да им значат многу во секојдневниот живот на тие граѓани, мислам дека премногу малку правиме за тие граѓани. Знам дека е течок пат да им објасниме каде е нивната добивка, но мислам дека тој пат е единствениот кој може да им помогне на тие граѓани.

Уште еднаш жалам за тие граѓани, за неинформираноста, што изразуваат на која неволност, но им беше дадена шансата на нивните претставници и верувајте бевме многу блиску до тоа. Немаше дилема околу тоа дали треба да имаат една единствена општина. Имаше само дилема референдумот дали ќе биде поддржан, односно разликите дали откако ќе бидат усвоени измените или пред да бидат усвоени, или треба да остане така. Тоа беше единствената работа заради која неуспеавме во последен момент да се договориме. А јас сум убеден дека со ова решение, кое е некое конкретно решение и со една обврска што ние ја земаме, без оглед што не мораме да ја земеме и не е законска обврска, сепак јас во име на Владата земам за право да кажам дека, ако после изборот на Советот, Советот одлучи да има референдум по прашањето на седиштето, волјата изразена на тој референдум ќе биде прифатена и ќе биде предлог решение. Тоа е единствениот начин да им се помогне и ние стоиме во тој правец да им се помогне на тие граѓани, сите да ги уживаат благодетите на новиот закон за децентрализација и новиот закон за локална самоуправа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам.

Реплика за госпоѓа Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодрам, претседателе

Почитуван, министре, намерата на Владата можеби е добра, меѓутоа, и реализацијата треба да биде добра. Не само намерата, туку и реализацијата треба да биде добра и во интерес на граѓаните.

Јас пред малку реков и сега ќе ви повторам. Додека се донесуваше Законот за територијална организација на локалната самоуправа, вие како Влада имавте проблеми со Облешево и Чешиново. Тогаш имавте проблеми со Облешево. Значи тогаш министерот за локална самоуправа или во прва фаза уште кога беше предлог за донесување закон за територијална организација, можеби требало тогаш, сега е веќе доцна,

премногу работи се случија, тогаш да им се објасни и на граѓаните на Облешево и на граѓаните на Чешиново што ќе добијат доколку остане посебна општина Облешево, посебна општина Чешиново, што ќе добијат доколку се спојат двете општини во една општина. Сега е веќе доцна, работите излегоа од контрола.

**Марија Којзеклиска:** (Продолжение) Референдуми имаше и во општина Чешиново и во општина Облешево после првата фаза на Предлогот за донесување на закон. Тогаш граѓаните на општина Облешево се изјаснија дека сакаат да бидат посебна општина и граѓаните на општина Чешиново и тие сакаат да бидат посебна општина. Вие не ги зедовте во предвид тие референдуми, како и другите референдуми. Можеби во другите општини сте успеале да ги смирите страстире, но тука очигледно дека не сте ја завршиле добро работата иако сте имале најдобра намера. Јас верувам дека вашата намера е најдобра, меѓутоа сето она објаснување во врска со надлежностите и што се ќе добијат граѓаните со новиот закон за локална самоуправа вие сте пропуштиле како време да го сторите пред граѓаните. Мислам дека тоа е најголмиот проблем и затоа имаме решение сега да го прифатите амандманот поднесен од ВМРО Народна.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска, имате три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе,

Господине министре вие во вашето излагање рековте дека се постигнува решение односно согласност само по прашањето на референдумот дали да биде пред или после тоа, а претходно на броивте една низа на средби кои што сте ги имале и со претставници на Облешево, на Чешиново во неколку наврати и поодeлно и заедно со претставници на овие две општини, меѓутоа не сте дошле до решение. Сега јас навистина сум во заблуда. Дали не сте дошле до решение само по прашање на референдумот или воопшто не сте дошле до решение каква општина сакаат овие граѓани. Тое е едната работа.

Друго, околу децентрализацијата.

Почувствував во вашето обраќање еден апел најверовaтно до пратениците да им објасниме на граѓаните за нив какви благодети ќе донесе децентрализацијата. Јас мислам господине минситре дека Владата многу добро објаснуваше, барем така мисли дека објаснуваше, какви се благодетите на децентрализацијата, а дали граѓаните ги прочитале тие закони или не не е толку битно, затоа што тие преку средствата за информирање многу добро осознале кои се благодетите од децентрализацијата и токму затоа тие бараат да си ги задржат општините во постоечките граници. Добро знаат дека со децентрализацијата своите локални потреби најсоодветно ќе можат да си ги решаваат во границите на своите општини. Значи, во онаа територија, онаа локална самоуправа која тие ја чувствуваат за своја. Никако вештачко споени територии. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Повелете господине Стаменков вашите три минути.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам, Почитуваниот министер не беше кога се носеше Законот, после стана министер за локална самоуправа. Учествуваше во процедурата за донесување и постапките, така да не можеме да го окривиме за така лош закон кој што се донесе. Сега мора да го брани, бидејки тој Закон е од Владата, како што претходно беше. Една од оние работи кои што ми влезе и надлежностите кои што ги спомна дека тешко ќе ги извршуваат новите општини, малите општини, јас повторно сакам да го потсетам дека е неточно и дека е лага. Надлежностите на новоформираните општини дека нема да можат да си ги извршат поради тоа што нема да имаат економска моќ, тоа е тезата која што постојано протежира. Факт е дека тоа не е така бидјеки имаме повторно централизиран закон за финансирање на општини. Многу малку од надлежностите, или ништо од новите надлежности нема да се финансира преку изворните приходи на општините. Факт е дека е така бидејки имаме дотации преку централниот Буџет за образованието, за здравството, за социјалата и т.н. Тоа се тие нови надлежности.

Втора работа, волјата на граѓаните треба да се почитува. Тоа постојано јас го повторувам бидејки е единствена работа по која треба да се крои новиот закон за територијалната организација. Законот за локална самоуправа е волјата на народот, на граѓаните. Тоа не се почитуваше при донесувањето на овој закон, ниту пак сега се почитува. Волјата на граѓаните од Чешииново е да имаат своја општина, самостојна. Таа волја ја покажаа на референдумот кој што го организира после првата фаза од законот. Вие таа волја не ја прифаќате а ја спомнувате волјата на граѓаните. Прифатете ја таа волја и се ќе биде во ред, нема да имаме проблеми во територијалната организација. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Ѓорчев, а нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре, почитувнани претставници на Владата на Република Македонија,

Јас во моето обраќање ќе се обидам во однос на овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација, Законот за локална самоуправа да полемизирам со образложението на исправноста на целите, начелата, како и севкупниот обид или напор на Владата на Република Македонија односно Министерството да ги разреши проблемите настанати околу територијалната организација на општините Чешиново и Облешево.

Најнапред мислам дека заблудата на Владата е во тоа што тргнува од претпоставка дека Законот за територијална организација на локална самоуправа, кој што не можеме да кажеме дека во сите сегменти е погрешен или лош, меѓутоа во оделни сегменти не ги задоволува барањата, потребите и желбите на граѓаните на Република Македонија за организација на општинско ниво, што е и нивно уставно право, а впрочем тоа го потврдува и Европската конвенција за локална самоуправа која што Македонија ја потпиша 1996 година. Значи погрешна е претпоставката дека ние имаме еден перфектен закон и тргнувајки сега од тој перфектен закон со формални измени во делот на називот ќе се вика општината Чешиново Облешево, а седиштето нема да биде во Чешиново, туку ќе биде во Облешево и дека со тие две би рекол формални додавки во тексто на законот, членот кој што се изменува се смета дека се добива задоволство кај граѓаните на Република Македонија во делот на општините Чешиново-Облешево. Значи, морам да кажам според мене се тргнува од погрешна претпоставка. Таа погрешна постапка во Законот за територијална локална самоуправа е длабоко фундирана уште во зародишот на подготовката на тој закон. Значи, најнапред кога се носеше Законот за територијална организација на локалната самоуправа ние пред се децентрализацијата тука во Парламентот ја сведовме исклучиво на територијална организација. Ние бездруго требаше да тргнеме поинаку. Прво требаше да ја донесеме фискалната децентрализација, да видиме колку Република Македонија , државната власт, законодавниов дом и Владата ќе се откажат од своите централни приходи и дури потоа да видиме приходите што ќе ги спуштиме на локално ниво што ќе значат задоволување на похумано, пофункционално, порационално, подобро задоволување на потребите на граѓаните ние тргнавме од аксиомот дека прво ќе ја донесеме територијалната организација и за тоа кажа министерот за локална самоуправа, почитуваниот господин Гештаковски дека тука има одредени и политички и етнички критериуми.

Почитувани пратеници, во делот на општина Чешиново и општина Облешево нема ниту етнички, нема ниту политички критериуми, локалната власт барем досега се од исти партиски политички субјекти, етнички третирани таму нема, а за економските критериуми јас ќе говорам малку подоцна за тоа дека општина Чешиново е една од нај развиените општини по број на жители, во однос на стопански субјекти кои што се едни од подобрите во Република Македонија во своите области. Во неметалите, во рударството, во прехрамбената индустрија. Значи, тргнавме од погрешна претпоставка и тоа сега ни се враќа како бумеранг. Сега Владата е повикана со најдобри намери и желби на почитуваниот господин минситер Ризван Сулејмани да ги исправи непосредностите кои што не се исправаат, затоа што фундаментот лежи во заблудата дека ние сега со причинско послединска ќе ги поправиме грешките со пренабрегнувањето на референдумот Облешево-Чешиново во тие 41 референдум. Што е фактички по Уставот на Република Македонија правото на локална самоуправа. Тоа е израз на волја на граѓаните да живеат во општинска заедница, но не како единица на локална самоуправа, туку општинска заедница. Значи, општината е постар облик на меѓучовечката комуникација во државата. Ние сега тука немаме право ниту како Парламент ниту како Влада да им држиме лекции на граѓаните, ниту едукација како тие подобро ќе живееле ако биле споени во две општини или да престане да постои општината Облешево или Чешиново, да се спојат, или пак подобро ќе им биде да бидат три или повеќе општини споени во една. Ние можеме да ги браниме владините предлози како парламентарно мнозинство или како парламентарно малцинство да се обидеме да ги оспориме, меѓутоа во делот на локалната самоуправа, тоа морам да го потенцирам, општината е постар облик на меѓучовечка комуникација. Општината не е само административна единица, општината е меѓучовечка заедница коај што настанала заради просторни, економски, географски, демографски и други компоненти можеби со децении или со векови наназад и се определиле такви стремежи, желби, амбиции на луѓето самите да си решаваат за своите потреби, за својот двор, за своето маало, за својата улица, за својот спортски клуб или за својата мелница или конкретно во Чешиново фабриката “Опалит” во Чешиново. Значи, тие се елементарни работи во демократијата. Така вели и Европската повелба. Граѓаните одржаа референдум во Чешиново и кажаа дека сакаат да си ги задржат границите на псотојната општина. Европската повелба во членот 5 вели дека при промена на границите, Република Македонија ја потпиша 1996 година, при промена на границите на општините мора да се изврши консултација со граѓаните на таа општина. Ние тоа не го почитуваме и од тука сега влечеме погрешен заклучок и од тука сега произлегуваат проблемите на овие две општини.

Значи, според мене законот што треба да разреши?

Законот според мене треба да го уважи референдумот на граѓаните на општина Чешиново во првичната фаза кога тие се изјаснија за своја сопствена општина. Законот треба да ги уважи протестите на граѓаните најнапред од Облешево и потоа од општината Чешиново кои што едно по друго протестираа со цел да укажат на централната власт. Ние сме централна валст тука, и Парламентот и Владата, да им укаже дека згрешиле. Ништо нема похумано, почовечки и подоследно да се каже дека во одреден сегмент законот е инперфектен, ако во 82 општини сме ја погодиле работата, или не сме ја погодиле, во случајот беше изгласан Законот сега имаме проблем тука, логички е да извлечеме консеквентна, логична констуквија дека треба да направиме измена на Законот со амандман кој

што ќе значи дополнување овие две општини кои што протестираат, луѓето ни кажуваат вие не можете од Скопеј да ни кажувате дека ние ќе имаме подобро задоволување на водоводот, канализацијата, или подобро ќе ги собираме приходите затоа што централната власт исто така, или Буџетот така ни одредил дека ќе живееме подобро. Тоа е сепак една фикција дека ние правиме демократија. Демократијата е процедура, а процедурата бара на локално ниво да си решат граѓаните за таа работа. Така вели Уставот на Република Македонија, ако е израз на волјата на граѓаните, израз на задоволување на волјата на граѓаните денес протестот од 7 до 19 часот, или до 17, граѓаните ни кажуваат дека не се согласуваат со нас тука во Парламентот и не се согласуваат со предлогот на Владата на Република Македонија. Ние тоа мора да го уважиме. Ние нема што да им држиме предавања или креативни настави колку подобро ќе живееле ако се заедно во општината Облешево-Чешиново. Тоа не е анархија, туку сосема спротивно. Имаат право луѓето, си направија референдум, резултатите се сигурно во минситерството и точно се знае дека Чешиново и Облешево, иако Облешево не правеше референдум тогаш во тие 41, направи после, но од други причини, затоа што Облешево знаеше дека остана на картата како општина Облешево. Чиста фрагма, чиста математика, задоволни беа што си ја задржуваат општината. Тука ако одиме по таа логика погрешно е размислувањето дека ние секогаш како претставници на Парламентот треба да ги браниме владините предлози. Во овој случај треба да ги браниме предлозите на граѓаните на Република Македонија, да собереме сила и во овој сегмент да го поддржиме амандманот на пратениците Караџоски и Краљевски кои што упатуваат на тоа да си останат двете општини. Со тоа ниту ќе се попречи било каква, некаква меѓународна опсервација врз Република Македонија дека нешто правиме, па ако ние не можеме за потребите на водоводот, канализацијата, локалниот спортски клуб или локалната улица да решиме некое прашање во македонскиот парламент тогаш ние и не сме држава. Ние сме некаков протекторат под меѓународна присмотра. Ако за вакво прашање се плашиме дека ќе имаме критики мислам дека барем мене не ми е местото во македонскиот парламент.

Во тој дел сметам дека ако така го разбереме овој процес на градење доверба меѓу граѓанит еи валста тие ќе ни поверуваат тогаш ако барем на едно место, ние имавме многу дебати тука, јас имав 7 дискусии, за Конопиште, за Велешта, за Богомила, за Оризари, за Скопје во деловите кои беа припојувани и ниту едно не беше прифатено, ниту пак на било кој претставник на опозицијата не беше прифатено ниту едно барање за промена од она што беше владин предлог. Се прифати Центар Жупа, што е правилно, таму имаше и етнички критериуми, таму имаше и политички критериуми, но тоа беше единствената отстапка што беше направена, се извинувам и Зелениково се прифати, благодарам потпретседателе, но во секој случај сметам дека ако така погледаме на Владата ќе и помогнеме, ќе можат луѓето од Владата, министерот кој што сега стапи на функција со успех да разреши еден горлив проблем и граѓаните на Облешево-Чешиново да го пречекаат со аплаузи, со задовослтво и на таков начин сите ние да излеземе од една апсолутно, би рекол бенингна ситуација со бенефит. И политичките партии во опозиција и ние како политички партии во опозиција сме се бореле за правата и интересите на граѓаните. Од тие причини сметам дека мораме да сватиме некогаш дека кога се работи за интересите на други, а сега се работи за интересите вон парламентот, интересите вон Владата на Република Македонија, тоа се граѓаните во тие две општини дека нивните потреби за нив се најважни. Нив многу не им е грижа за тоа што ние тука зборуваме, или што зборува Владата на своите седници, нив им е грижа фабриките кои што работат во Чешиново, а тоа се “Опалит”, една извонредна фабрика, тоа се “Макмлин” едни од подобрите млинови во Македонија, конфекција, една добра фабрика, имате еден рудник за неметали кој што соработува со Цементарница-Скопје и “Прогрес” фабриката за прехранбени продукти. По глава на жител и по својата успешност, по доходот што го остваруваат тие ако проверите ќе видите дека Чешиново претставува едно многу пријатно катче каде што можат луѓето и да се вработат и добро да заработат од продавање на своите земјоделски производи во тие земјоделски капацитети. “Опалит” е еден од поголемите рудници за неметали во Република Македонија, а рудникот за неметали кој што ја снабдува Цементарница со одреден вид на суровина исто така е еден од подоходовните рудници во Источна Македонија. Во таа насока ако ги погледаме стопанските аспекти тогаш можеме да кажеме дека не можеме да им кажеме на граѓаните дека ќе им биде подобро со новите елементи на фискализација и пак централното зафаќање, меѓутоа за тоа малку ќе кажам сега, за кое што едвај се договоривме тука некаде под 3 милијарди денари дека ќе влезат во општинската каса односно во општинските каси по разни основи што е недоволно и што не претставува ниту една дваесетина од она што Евроспката унија и земјите во Европската унија, па и земјите од Југоисточна Европа го даваат на општинските буџети. Ние едвај под 5% издвојуваме за потребите на локално ниво и морам да кажам дека тука ќе лежи проблемот на Министерството, тука ќе лежи проблемот во разрешување и надминување на довербата помеѓу власта и граѓаните, централната власт и локалната власт кое е потребното ниво на задоволување на потребите на нивно локално ниво во нивната општина. Тука фактички ние ја изгубивме битката кога со Законот за новиот начин на зафаќање на приходите во делот на издвојувањето за

општините не успеавме да се избориме барем 10% од Буџетот на Република Македонија, имајки ги предвид новите одговорности во образование, спорт, култура, организација севкупно на она што значи во примарното здравство, сите оние јавни сервиси и услуги кои што досега државата ги правеше преку своите да бидат финансирани на локално ниво. Тука ќе лежи проблемот, мислам дека тука ќе треба да се дебатира во Парламентот, а апелирам до сите вас почитувани пратеници овој пат навистина да им поверуваме малку повеќе на граѓаните на Република Македонија во општините Облешово и Чешиново отколку на Владата и нејзиниот прелдог. Бездруго јас го ценам напорот на Владата да најде решение, но очигледно тие не успеаа. Сега ако е таква ситуацијата да го изгласаме амандманот уште еднаш, сигурен сум, може и минситерот и било кој претставник од меѓународната заедница не може да каже дека некој ќе ни стави забелешка ако ние во македонскиот парламент направиме промена на одредени општински граници.

**Марјан Ѓорчев: (продолжение)**

Тоа не е дозволено во меѓународната демократија и во меѓународното право. Од тука, сметам ние да си го изгласаме овој амандман, да си останат општините Облешево и Чешиново и тогаш мислам дека граѓаните, уште еднаш ќе кажат, бенефит од тоа повеќе ќе има актуелната позиција, бенефит ќе има министерот за локална самоуправа во овој момент. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:**

Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева, а потоа е господинот Исмет Рамадани.

**Силвана Бонева:**

Почитувани дами и господа, почитуван министре,

Еве повторно се навраќаме на Законот за територијална организација за кој што толку многу дебатиравме во овој Парламент и по однос на прашањето за двете општини Чешиново и Облешево, сосема јасен беше нашиот став како опозициона партија, значи ставот на ВМРО-ДПМНЕ уште при самата постапка на носење на законот и по дебатите во општиот претрес и во амандманската расправа и во претресот по текстот на законот нашиот став беше јасен. Нашиот став беше и општина Чешиново и општина Облешево да останат како две посебни општини. А, откако ќе се пренесат надлежностите на локално ниво, тогаш самите граѓани и од двете општини ќе видеа која од овие општини може вистински економски да живее, значи која може да опстои. На тој начин можеби дали општина Облешево или општина Чешиново, до колку немаше сили економски да опстане и да ги исполни своите обврски кон граѓаните самите ќе побараа да се здружат. Тоа беше барање во најголем дел од општините во кои што граѓаните инсистираа и преку референдуми да си ги задржат сопствените општини. Меѓутоа, овој став на опозицијата и на ВМРО-ДПМНЕ не беше прифатен од страна на Владата и парламентарното мнозинство и се одлучи конкретно за овие две општини, општина Чешиново да опстои, со тоа што се избриша од картата на општините општина Облешево, иако беше општина која што ги исполнуваше и демографските и географските и по нивно кажување и економските услови за опстанок, бидејќи имаше над 5000 жители и имаше, според нивно кажување, бидејќи немавме од Владата елаборат, нивно кажување дека тие економски можат да опстојат. Од друга страна пак и општина Чешиново преку нејзиниот референдум јасно и гласно кажа дека сака да опстои и го имаше тоа право, бидејќи демографскиот критериум беше прекршен во многу случаи, па општината Чешиново со околу 2000 жители не беше единствениот исклучок, бидејќи имавме и со помалку од 1000 жители кои што опстанаа. Токму заради тоа се во право и општина Облешево и општина Чешиново што тогаш инсистираа да бидат две посебни општини. Значи, ние тргнавме од фактот да ја почитуваме волјата на граѓаните, меѓутоа, волјата на граѓаните не беше почитувана и решението кое што се изгласа беше да опстои една општина Чешиново. Значи беше дадено името на помалата општина и седиштето беше во Чешиново и на тој начин облешевци се почувствуваа онеправдани и заради тоа беа сите оние протести, блокади на патиштата и нормално Владата после подолго време интервенира со тоа што разговараше и со чешиновцки и облешевци само еден ден пред носењето на Законот за територијална организација. Се постигнала некоја заедничка согласност да се организира референдум на кој што ќе се изјасни населението каде ќе биде седиштето на таа заедничка општина и како ќе се вика.

Некаде после 27 септември 2004 година заеднички со претставниците и на Чешиново и на Облешево одлучено е кое ќе биде референдумското прашање и како ќе се вика идната општина и каде ќе биде седиштето. Одлучено е на 28 ноември да биде референдумот. Меѓутоа, понатаму од Чешиново е добиено известување дека нема да спроведат референдум. Облешевци го спроведоа референдумот и беше кажано со 57,5% што значи е успешен референдумот во општина Облешево. Сега, повторно имаме нов отворен проблем, бидејќи чешиновци не се изјаснија по ова прашање. Блокадите на патиштата се сеуште, значи чешиновци се сеуште на патиштата и го попречуваат нормалното функционирање на животот во овој регион и во околните региони.

Имаме нов предлог од страна на градоначалникот на општина Чешиново кој што за граѓаните на општина Чешиново не е прифатлив затоа што тие тврдат дека според статутот на општина Облешево во рок од шест месеци не може да има ново изјаснување по истото прашање, бидејќи се бара од страна на општина Чешиново на 13 март,

значи кога ќе биде денот на изборите, да биде спроведен и референдумот по прашањето кое што се нуди, нешто налик на кичевско како што беше решено прашањето. Тоа значи после четири години која од овие општини ќе опстои за да може да постојат и понатаму.

Значи, имаме една многу нејасна ситуација која што Владата смета дека треба да ја разреши со предлогот кој што го имаме на денешнава седница. Пред една недела Комисијата за политички систем имаше седница на која што сите членови на Комисијата едногласно гласаа за таканареченото компромисно решение. Тројцата претставници од опозицијата меѓу кои бев и јас гласавме за овој предлог без никаква расправа.

Веднаш после седницата од медиумите бев прашана за тоа кој е ставот на ВМРО-ДПМНЕ и од моја страна беше кажано дека ставот на МРО-ДПМНЕ е непроменет исто како што беше и во фазата на донесување на Законот тогаш кога се боревме за амандманите да опстојат и Општина Облешево и Општина Чешиново и дека проблемот е резултат на тоа што власта се оглуши на јасно искажана волја на граѓаните за замостојност на овие две општини. На тој начин направи да ги скара двете најблиски комшиски односи и да направи огромни штети на целиот регион со блокадите кои што таа ги предизвика. Но, заради тоа што немаше расположение ниту во фазата на носење на Законот, ниту подоцна за промена на ставот на Владата, упорно се инсистираше овие две општини да бидат една општина и понатаму да продолжат да функционираат така. Гласавме на седницата за предлогот на Владата, бидејќи и самите две општини и Општина Чешиново и Општина Облешево во понатамошните преговарања со Владата зборуваа за седиштето на Владата, а не за опстојување самостојно на двете општини.

Меѓутоа, во изјавата која што ја дадов за медиумите и која за жал не беше пренесена во целост, туку сосема мал дел од неа искажав надеж дека до денот на почетоко на оваа седница, сепак, Владата ќе размисли и ќе го донесе вистинското решение, а тоа е и двете општини и општина Чешиново и Општина Облешево да бидат посебни општини и на тој начин да престане веќе малтретирањето на граѓаните и од двете општини, но и од целиот регион и од соседните региони. Навистина, сеуште сметам дека ова е моментот кога Владата и парламентарното мнозинство треба да размислат дали навистина веќе треба да се затвори тоа прашање и да престанат да трпат штета сите граѓани од тој регион, па и цела Република Македонија.

Затоа, очекувам да биде поддржан амандманот за самостојност на двете општини и мислам дека тоа е единственото решение да не постојат повеќе тензии и да продолжи мирниот соживот помеѓу чешиновци и обелешевци со надеж дека доколку Владата навистина е во право дека двете општини не можат екkономски да опстанат тоа да им го оставиме на граѓаните од Општина Облешево и на граѓаните од Општина Чешиново да видат дека тоа е така, ако навистина има калкулации од претствниците на Министерството за локална самоуправа дека тие навистина не можат да опстојат, тоа самите граѓани да го почувствуваат и да побараат заеднички понатаму да продолжат да опстојуваат како една општина.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рамадани, а потоа за збор се јави господинот Ефтим Манев.

**Исмет Рамадани:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги, од моментот кога се дистанцираме или ги напуштаме принципите, се разбира дека тогаш се соочуваме со проблеми кои треба да се решат. Во овој случај имаме еден амандман кој за мене е логичен и оправдан, со самиот факт дека предлогот кој го прави Владата за изменување и дополнување на Законот не е до крај принципиелен, затоа што имаме ситуации и други разни случаи каде можело вака да се интервенира и немаше да се добијат вакви политички димензии. Со самиот факт дека се рабори за Чешиново и Облешево сега интервенцијата од Владата се состои од тоа седиштето да биде во Облешево. Мислам дека тука во старт се оди против желбата на тие граѓани да самоуправуваат во однос на условите кои тие мислат дека ги исполнуваат самите да управуваат во Чешиново или во Облешево. Во вакви ситуации каде не се засега етничката и политичката димензија, туку едноставно се работи само за моментална политичка димензија, тогаш ситуацијата се комплицира. Јас ова би сакал да го илустрирам и со други слични случаи, на пример, случајот со Камјане и Боговиња, каде имаше реална можност тие со својот економски капацитет и со човечките ресурси и двете општини да останат посебни општини и воопшто немаше да се наруши политичката димензија. Ќе се оствареше желбата и така Општината Камјане ќе останеше посебна општина. Меѓутоа, тоа е минато. Но, би сакал да направам забелешка во оваа насока и да укажам дека се прават грешки таму каде што можело да се решат проблемите така како што посакувале и самите граѓани кои живеат таму и денес. Така, оваа Општина Камјане ќе беше општина која ќе ги исполнуваше условите така како што треба.

Другата грешка, со оглед на фактот дека е слична на грашката што Владата ја направи со Општината Арачиново кога и се одзема Општината Брњарци и се припојува кон Општината Гази Баба. Тука повторно проблемот можел да се реши со овие измени што се правата од страна на Владата, затоа што сега излегува проблем околу атарот, околу мешање на атарите на Арачиново и Брњарци. Значи, тоа се проблеми кои на индикативен начин можат да се одразат и да се манифестираат во разни форми, во протести и тн.

Затоа, вакви грешки не треба да се прават, посебно кога се работи за места и општини каде имало оправданост и каде што имало можности тие да останат така како што населението сакало и да функционираат така како што функционирале и порано, а сега и со дополнителни надлежности, се разбира после донесувањето на Законот за децентрализација.

Ќе завршам со тоа што ќе кажам дека требаше интервенциите, измените да се прават со корекции кои што биле во интерес и само во интерес на оние граѓани, на населението кои имаат желба, имаат можности, имаат капацитет да управуваат во нивните општини така како што е можно. Корекцијата што Владата сака да ја направи таа треба да биде принципиелна и да се направи за сите места каде што се смета дека тоа е можно и едновремено да се стабилизира и да се смири тоа место како што еве сега е случајот со протестите во Чешинови и во Облешево.

Значи, јас сум застапник на тоа до крај на принципиелен начин да се почитува односно требаше да се почитува желбата на граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Манев, а потоа е пратеникот Драго Шајноски.

**Ефтим Манев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Мојата дискусија нема да се разликува од дискусиите на претходните поголем дел на пратеници кои се изјаснија по предлогот за измени и дополнувања на Законот за територијална организација, со предлог на закон. Би сакал само да се приклучам кон истите со тоа што би рекол дека Владата на Република Македонија и дотичното министерство кое што го предлага законот, измените и дополнувањата на законот кој што е донесен пред пет или шест месеци сосема нема оправдување за таквиот закон. За да постојат некои причини, за да се направат измени и дополнувања треба да има реални факти. Во конкретниов случај токму ништо не се прави со истиот закон. Единствено, од тоа што во Република Македонија, со донесувањето на Законот за територијалната организација со кои се укинаа околу 40 општини, во сите случаи ние имавме протести од граѓаните на подрачјата на тие општини што се укинаа и сите одржуваа митинзи, одржуваа референдуми со кои бараа да останат нивните општини. Но, по донесувањето на Законот голем дел односно сите се помирија со таквата одлука на Собранието, со донесувањето на тој Закон, единствено останаа овие две општини кои што продолжија со нивната упорност да останат нивните две општини.

Од тие причини Владата не знам каде наоѓа оправдување ако на 11 август ние донесовме закон дека седиштето на овие две поранешни општини ќе биде Чешиново и се спојуваат во една општина. Денес наоѓа оправдување дека тоа треба да биде Облешево. Очигледно е дека со таквиот потег ништо не се решава. Ако успеала Владата помеѓу овие две поранешни општини кои што не ја почитуваа одлуката односно Законот за територијалната организација истите да се спојат во една општина, ако успеала да најде решение тие да го прифатат таквото решение што се предлага, во ред. Туку, напротив, до пред поднесувањето на овој закон магистралниот пат беше блокиран од населението на Општината Облешево, а сега тоа го направи Чешиново.

Очигледно е дека постои грешка во ваквата територијална организација сака Владата да ја исправи преку Парламентот за кои што незнам кој од пратениците може да го прифати ваквото образложение дека ова до сега е грешно, ова ќе е подобро. Очигледно е дека најдоброто за нас како пратеници е да ја прифатиме волјата на граѓаните на овие две поранешни општини и предложениот амандман од двајцата пратеници Караџоски и Краљевски, овие две постојни поранешни општини да си останат како посебни општини, да функционираат така како што функционирале до сега и прашањето да биде решено. Прашањето да биде решено на еден најадекватен и реаслен начин, а се друго што би правеле се е по грешка.

Затоа, јас би препорачал колегите пратеници од позицијата малку посериозно да размислат на оваа околност дека сепак решението ќе падне од позицијата. Инаку, опозицијата можеби сака да предложи некои решенија за кои сметаме дека се пореални.

**Ефтим Манев: (Продолжение)**

Од тие причини најнапред може и Владата уште еднаш да се произнесе по поднесениот амандман. Веројатно денеска не ќе има и мнозинство, како што гледам голем дел од колегите пратеници од позицијата си отидоа и мислам дека не ќе има кворум за гласање, туку тоа Владата да го стори на една седница, дали утре, или вечерва, да го прифати амандманот за да излеземе од овој ќорсокак. Ништо не е греда ако постојат уште тие две општини. Веројатно во наредните 4 години ќе се родат идеи дека треба да постојат уште повеќе општини. Можеби ќе одиме на размислување и за поинаква територијална организација како што ја имаат другите поранешни републики на СФРЈ од која што излеговме и ние. На пример словенците, хрватите, тие имаат на една страна селски општини, градски општини, можеби и кај нас ќе се роди таква идеја во овие наредни 4 години. Ништо нема да направиме грешка ако се постапи вака и тогаш прашањето ќе биде решено. Инаку, за да постои грешка од Владата што е така, постои. Ако не постои грешка, и ако треба да ја почитуваме волјата до сега десет пати и безброј пати ќе интервенираше Владата со полиција на патиштата каде што забранува блокирање на патишта. Многу пратеници се изјаснија, еден добар дел од источниот дел на Република Македонија, неколку градови па и села во тој дел не можат нормално да комуницираат во Република Македонија. Зошто не ги отстраниме

тие? Затоа што се чувствуваме виновни за ваквата состојба која што е направена од страна на Парламентот и Парламентот може да ја исправи таквата грешка.

**Љупчо Јордановски:** Има збор Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Леб и циркус за народот и власта ќе биде мирна барем по однос на суштинските проблеми во државава. На ова се сведува скројувањето на овој локален проблем со кој веќе 6 месеци со различен интензитет се занимава целата нација. За да не влезам во оваа шема на забавувач, или на консумер на забава нема да дискутирам долго и нема да давам никакви аргументи ниту за, ниту против овој закон. Работата е јасна. Од овој циркус штета ќе имаат и чешиновци и облешевци и Република Македонија. Овој проблем е само доказ дека кога оваа полиција на СДСМ и ДУИ го кроеше законот за територијална организација ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Шајноски претпостатував дека така ќе почнете, не сакав пред време да ве препдупредам, но ова е прва опомена. Повелете, за законот.

**Драго Шајноски:** Па за законот зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Не. Не зборувате за законот. Зборувајте конкретно за решението.

**Драго Шајноски:** Зборувам за решението. Значи, да повторам. Овој проблем е само доказ дека кога оваа коалиција СДСМ и ДУИ го кроеше законот за територијална организација на Република Македонија тоа го правеше нетранспарентно, нестручно, во 4 ѕида, 40 дена. Ако ова не е забава за народот, тогаш смешно е да се измислува овој проблем. Законот уште незаживеан се менува со образложение кое опозицијата го даваше за време на кроењето на овој закон. Но, тие аргументи денес од оваа позиција се невалидни и треба да се заборават. Дури министерот не теши дека после локалните избори секој совет ако одлучи да прави референдум за промена на границите на општините, тоа власта ќе го прифати. Вака требаше власта да работи лани пред да се усвои законот. Сега е доцна. Сега најдобро е и Чешиново и Облешево да останат општини, а народот да почне да ја запрашува власта зошто нема работа и зошто човечкото достоинство му е нарушено.

**Љупчо Јордановски:** Има збор Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Министерството за локална самоуправа. Овој проблем мислам дека воопшто не требаше да дојде на дневен ред ниту во Собранието на Република Македонија, меѓутоа ниту Владата повторно да го решава, ако се испаднеше како што требаше кога се носеше законот за територијална организација во месец август минатата година. Меѓутоа, тогаш очигледно Владата сакаше некои работи да не ги слушне од опозицијата и еве сега се доведуваме до проблем за функционирање помеѓу двете општини, јас би рекол Чешиново и Облешево, меѓутоа и за поголемиот дел од источниот дел на Република Македонија. Јас мислам дека вакви работи ќе ни се случуваат и понатаму затоа што тогаш Владата го донесе само Законот за територијална организација и не донесе врз какви критериуми ќе се прават новите општини, односно новата територијална организација, а сепак и тогаш, а еве и сега ја користам оваа прилика да кажам дека Република Македонија, односно Владата треба да донесе иницијатива ова Собрание да усвои закон за општини, односно врз кои пропозиции и врз кои критериуми ќе може една општина да биде општина, односно некоја општина да го изгуби статусот на општина ако не постигне резултати, односно не ги испочитува тие критериуми врз основа на законот за поставување на општини, односно тој закон навистина би требало да ги содржи сите пропозиции, сите критериуми кое населено место, односно кои населени места можат да бидат општина, а кои населени места не можат да бидат општина. Бидејќи не се придржувавме, односно Владата не се придржуваше кон тие критериуми денес имаме ваков проблем. Од една страна само пред неколку месеци да кажеме, односно да донесеме закон каде што ќе кажеме дека седиштето е во Чешиново, општината ќе се нарекува Чешиново, па сега кажуваме некое компромисно решение Облешево - Чешиново со седиште, или во едната, или во другата општина, односно во другото населено место. Меѓутоа, и Владата, како што рече пред малку и заменик министерот, а сега и министерот, едноставно сите овие работи не нудат решение. Ако сакаме ние конкрено решение би требало навистина и општина Облешево, сега да кажам поранешната општина и сегашнава општина Чешиново значи да опстојат како две општини за да може после Владата врз основа на согледувања и врз основа на сите критериуми дали ги има, или ги нема, јас мислам дека ги нема, затоа што ние не донесовме закон за основање на општини, туку донесовме Закон за територијална организација. И сега секоја општина можеме да ја третираме, односно во зависност од моментот и од политичката ситуација да кажуваме дали некоја општина може да опстои, или не може да опстои, или некоја општина, некое населено место може да побара да биде општина. Ние во иднина никогаш не ќе можеме врз основа на закон ако почнат некои населени места, група населени места едноставно територијално организирани, меѓутоа кои што сакаат да постанат општина, не ќе можеме да им кажеме кои се принципите, кои се критериумите за тоа населено место да постане општина. И затоа сега ни е овој проблем. Затоа не можеме никако да го решиме, па сега бараме некое компромисно решение само во однос на името. Името воопшто помеѓу овие две општини нема никој да се согласи затоа што тоа не е компромис од едноставна причина што и, немојте да мислите дека решение беше името на општина Дебарца, па сега да имаме две општини и општина Мешеишта и општина Белчишта, па ги нарековме општина Дебарца, па сега го решивме

тој проблем. И таму е проблем, меѓутоа на некој начин само се смени името на општината и едноставно се доведе до впечаток дека таму е решен проблемот. Исто така, името не е проблем и не е решение и во однос на општина Ростуше, или и Маврово, затоа што и таму имавме две, спојување на две општини. Значи, секаде ќе ни се појавува овој проблем, затоа што ние воопшто ги немаме критериумите за основање на општини. Конкретно кога сме овде, затоа што се појави навистина проблем помеѓу Облешево и Чешиново, јас мислам дека не постои компромис за решавање на овој проблем затоа што и две села, прво општина Облешево потоа и општина Чешиново навистина едноставно во овој период сакаат да бидат како две посебни општини и ние само треба тоа да го верификуваме, затоа што ние не треба да одлучуваме дали некоја општина без никакви кретириуми треба да опстои, или треба да се укине како општина, во конкретниот случај Облешево, а треба да постои Чешиново. Значи, овој амандман што го има поднесено ВМРО Народна партија навистина треба да се поддржи и треба да дадеме можност на самите граѓани и на Чешиново и на општина Облешево во рамките на своите надлежности заради развој на општините и развој на сите други сегменти што ќе произнесат еден поквалитетен начин на живеење во овие две општини, такви можности има и општина Чешиново, има и општина Облешево навистина во овој период со почеток на локалните избори и со новата територијална организација на Република Македонија навистина да допринесат за еден развој едноставно на двете општини, а од друга страна со тоа ќе се постигне и поквалитетен живот на сите граѓани на овие општини, затоа што сакам овде јасно да биде дека воопшто не станува збор само за две населени места, за тоа општина Чешиново и општина Облешево само да ги земаме како Чешиново и Облешево, тука се и многу голем број на села и во поранешната општина Облешево и во сегашнава општина Чешиново. Така што навистина не треба да одиме со некое решение од кое што нема да биде задоволна ниту едната страна, тоа е општина Облешево која што се бунеше и која што имаше револт пред извесно време, ниту пак сега во ова време се буни општина Чешиново. Јас мислам дека треба како Собрание да се усвои овој амандман, затоа што навистина уверен сум дека сите овде сакаме да постигнеме развој, а развојот ќе го постигнеме само ако тргнеме од поединечните општини, а не само да зборуваме за општ развој на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? Има збор господинот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Почитуван претседател, почитувани колеги, јас го доживувам Парламентот како место каде што можеме независно од нашите различни погледи по определени прашања да дебатираме, да расправаме, да ги вадиме сите аргументи на маса и дефинитивно да донесеме одлука како Собрание кое што ќе биде во интерес на мнозинството граѓани. Поводот за моето излегување на оваа говорница беше фактот што проблемот постои и сакам да го опсервирам од еден друг аспект, од аспект на прашањето на управување со кризи. На една од наредните седници на дневен ред ќе ни биде и законот за управување со кризи, или менаџирање со кризи. Меѓу другото тоа подразбира и елиминирање, или спречување или превенирање на сите можни ситуации кои што можат да доведат до кризи. Факт е дека денес по донесувањето на Законот за територијалната организација во државата минатата година и со онаквото решение за Облешево, односно за Чешиново, една општина Чешиново со седиште во Чешиново и после предлогот да биде тоа исто така една општина ама сега да биде Чешиново-Облешево со седиште во Облешево генерира проблем, а јас мислам дека генерира и криза во односите меѓу луѓето и во односите на граѓаните спрема институциите на системот на државата. А целта на државата е пред се да ги превенира, да ги елеминира, да ги спречува кризите кои што имаат многу штетни импликации, во смисла таму има огромна штета, не е само меѓу луѓето што се раскарани и не верувам дека тие луѓе што постојано седат на патот, дека е само политичка манипулација. Затоа што знам, имам информации од тие луѓе таму, не станува збор за политичка манипулација, станува збор и за одбрана на човечкото достоинство што кај нас нашиот човек го вика инает. Ако еднаш така сме одлучиле, е ние дефинитивно ќе го браниме својот став. Сакам да прашам дали постои шанса да се договориме во смисла да се најде решение кое што нема да создава кризи. Овде има едно решение кое што не враќа на постојната положба и двете населени места да си имаат посебна општина, или како што впрочем направивме, а не сакам да повторувам и господинот Балковски и други овде говореа и други пратеници околу принципите, критериумите за создавање на општини, бројот на жители, урбанистичките, социолошките, географските и многу други компоненти кои што се битни за функционирање на една општина, сообраќајот, центарот, комуникацијата и многу други битни елементи за постоење на една општина. Ако веќе проблемот е создаден, а тој и натаму ќе генерира незадоволство кај луѓето, ниту едно од овие постојни решенија за кои се договоривме, кои што се веќе во игра, во оптек и кои што се предложени, дали има простор Владата да размислува за измена на законот во смисла и двете општини во оваа фаза заради крајно спротивставените гледишта да се интегрираат во една општина, во постарата општина каде што порано постоеа во составот на општина Кочани. Говорам Парламентот го доживувам како место на кое можеме да разговараме за сите аспекти на проблемот. Ја мислам, а мислам дека и пратеници се залагаат за тоа луѓето повеќе да не се собираат таму, луѓето да си ја вршат работата, а ние да им помогнеме на начин што ќе најдеме

оптимално решение кое ќе биде во функција и на елиминирање на тој познат македонски инает, меѓутоа и на создавањето на услови на превенирање на кризи, да нема омраза меѓу луѓето. Ако донесовме закон во кој што можевме да создадеме општини од 36 на 70 и кусур илјади жители, со право луѓето го поставуваа прашањето зошто тоа да не важи да речеме и за еден дел како што се Чешиново, Облешево и Кочани. Пак се враќам на постојното, дали господине министер можеме да размислуваме во насока да ја спречиме оваа мака на луѓето таму кои што едно време простестираа облешевци, а сега чешиновци. Кој е тој начин кој што ќе оди во пресрет на решавањето на проблемот да ги спречува кризите и евентуално идни други кризи, а кое што сепак ќе биде во функцијата на обезбедувањето на единица на локална самоуправа која што може да биде функционална. И да бидам до крај искрен, нема решение кое што може да ги задоволи сите и нема решение во кое ќе кажеме: е тоа е погодено и безгрешно е. Според тоа, не е ништо тешко да кажеме некогаш дека сме погрешиле, дека не сме ги имале во вид сите фактори и дека можеме да дојдеме до решение кое што е прифатливо за сите луѓе. Идеално нема, меѓутоа има решение кое што и облешевци и чешиновци ќе го прифатат. Ако веќе до таа мерка емоциите кај луѓето се одлучувачки фактор сега, дали може да се размислува во оваа насока за едно решение кое може да ги смири страстите, па со текот на времето ќе се измени. Закот за територијална организација не е ниту Коран, не е ни Библија. Според тоа, во еден догледен период ако се види дека нешто е во функција на животот, го подобрува начинот на живот, ја зголемува комуникацијата на луѓето, ги зближува во тие две населени места, нема да ги оддалечи, мислам дека наша обврска е да одиме во насока на барање на едно такво решение. Еве, како гласно размислување.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието треба да му предложам да усвои заклучок. Не знам дали имаме кворум? Координаторите дали можат да ме известат. Но, јас, сепак десетте минути ќе ги испочитувам. Координаторите ме информираа дека пратениците имаат одредени активности и затоа тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот, со гласање на заклучокот.

(Седницата прекина во 16,45) часот.